## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Петтото продолжение на Сто и дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 јануари 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 120-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Благородна Мингова Крепиева, Игор Ивановски, Ванчо Георгиев, Рафет Муминовиќ, Андреј Жерновски,Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Абдилаќим Адеми, Теута Арифи, Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата .

**Продолжуваме со точката 15 - Предлог на закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.**

Претресот по текстот на законот е заклучен.

Треба да пристапиме кон гласање.Но, колку што сум информиран се дојдени и потпишани околу триесетина. Значи, тоа стана пракса да давам половина час пауза додека се собереме.

Објавувам пауза до 11,30 часот. Благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 11,31 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги замолувам пратениците да влезат во салата, мислам дека пауза повеќе од половина час е доволно да дојдеме сите.

Нека седнат пратениците.

Службите нека го утврдат бројот на присутните.

(Службите го утврдуваат бројот на присутните)

Присутни се 60 пратеници.

Еве, влегува 61-иот пратеник. Да го поздравиме.

Благодарам.

Почитувани пратеници, претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Ве потсетувам дека, согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 пратеници кои гласале, 62 пратеници гласале за, 1 воздржан, 1 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има против, молам да кренете рака ако има некој? (Нема никој)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека на седницата присуствуваат 14 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив, за Предлогот на законот гласале 14 пратеници, нема против и нема воздржани пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Минуваме на точката 16 - Предлог на закон за Академија на обука на судии и јавни обвинители.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за менување на член 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 6 алинеја 5; член 32 став 1 алинеја 5; член 39 став 4; член 40 за пренумерирање на последните два става и на ставот 6 и на член 44 ставови 2 и 3 со кои се согласил преставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Ејуп Рустеми поднесоа амандмани на член 5 став 3; член 16 став 2; член 19 став 2; член 19 став 3 за бришење на алинеја 6 и на член 35 став 1 и за бришење на ставовите 2, 3, 4, 5, 6 и 7 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани на член 6 за бришење на алинеја 5; член 7; член 8 ставови 1, 2 и 4, за менување на став 3 и за бришење на ставовите 5, 6 и 7; член 9 алинеја 3; за бришење на членот 19 и насловот пред членот 19; за бришење на членот 20 и насловот пред членот 20; за бришење на членот 21 и насловот пред членот 21; член 22 ставови 1, 2 и 3; член 26 став 3; член 30 став 2 за бришење на алинеја 2; член 34 точка 2 за менување на алинеја 4; член 37 став 3; член 39 став 4; член 39 за додавање нов став 5 по ставот 4; член 40 за менување на став 2 и за додавање нов член 48-а по членот 48 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Силвана Бонева ги повлече амандманите на член 30 став 2 за бришење на алинеја 2 и за додавање нов член 48-а по членот 48.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 3 поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи, заменик министер за правда.

Повелете господине.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи во Управниот одбор ќе учествува и министерот за правда, така што се мисли дека има присуство од Владата. Затоа овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Јашари повелете имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседателе.

Добро е да кажам два збора зошто е поднесен овој амандман во член 5 став 3, со што се бара пред донесувањето на Статутот на Академијата, согласност да даде и Владата на Република Македонија.

Ние цениме дека, поаѓајќи од членот 3, став 1, каде што Академијата се дефинира како јавна институција што над се се основа за да врши дејност од јавен интерес, тоа е една причина, а другата причина, имајќи предвид фактот дека се говори за правно лице, статутот како акт што ќе ги уреди и интерните односи и екстерните односи во Академијата што се однесуваат во однос на органите на Академијата или на самата Академија, како правно лице и другите државни органи, треба согласност да даде Владата на Република Македонија.

Ова беа клучните причини зошто го поднесовме овој амандман.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јашари.

Повелете, господине Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседателе,

Барам еден час пауза во име на Парламентарната група на ДУИ за да се консултираме во однос на амандманот и Предлог-законот што е на дневен ред.

**Љупчо Јордановски:** Ќе добиете еден час пауза, но има повеќе такви амандмани, ова е ви е едно единствено барање за пауза. Затоа, и другите амандмани поднесени од пратениците на ДУИ да ги погледнете да не биде после пак бараме пауза.

Објавувам еден час пауза, значи до 12,40 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,40 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Можеме да пристапиме кон гласање.

Бидејќи, нема пријавени за збор во врска со амандманот, значи претресот на амандманот е затворен, заклучен и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници, 57 пратеници гласале, 51 за, нема воздржани, 6 се против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за бришење на алинеја 5, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Госпоѓо Бонева, повелете, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Законот кој што го разгледуваме, неговиот наслов е Предлог закон за академија за обука на судии и јавни обвинители.

Во членот 6 се дадени дејностите на Академијата. Алинеја 5 гласи дека Академијата, покрај другите дејности организира и спроведува обука на адвокати, нотари и сли, без да се наруши дејноста на Академијата.

Начинот на обука на адвокатите и нотарите, сметам дека можат да се организираат во рамките на Адвокатската или Нотарската комора. Овој закон според општите одредби не се однесува на адвокатите и нотарите, туку исклучиво се однесува на судиите обвинители и службениците кои работат во тие државни органи.

Од тие причини сметам дека треба да се избрише алинеја 5.

**Љупчо Јордановски:** Господине Томиќ имате збор.

**Зоран Томиќ:** Амандманот на колешката не треба да се прифати и помеѓу останатото и од образложението што го истакна бидејќи голем дел од адвокатите, нотарите тука, недостасуваат извршителите кои сега ќе бидат воведени во Република Македонија и ќе бидат избрани. Тоа е добар дел од кадри кои се едуцираат токму за оние функции за кои е предвидена Академијата, а тоа е за идни судии, јавни обвинители итн.

Лично сметам дека ниедна едукација на било кој кадар не е од штета или од полза. Адвокатската комора, она што ги прави обуката за адвокатите е сосема нешто друго. Немојте да заборавите дека

голем дел на судии и јавни обвинители се најчести посетители токму на обуките кои ги врши конкретно Адвокатската комора на Република Македонија, која минатата година, благодарение и на претседателот на Собрание одржа една величествена 60 годишна прослава токму од основањето на Адвокатската комора на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 6 за амандманот, 4 воздржани, и 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министер за правда.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи од обемот на работата која се случи, мора да има извршен директор. Затоа, сметаме дека треба да има таква функција и амандманот не го прифаќаме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева, повелете имате збор.

**Силвана Бонева:** Во целиот предлог на закон се зборува за тоа дека органи на Академијата, покрај Управниот одбор и директорот е и извршниот директор и Програмскиот совет. Сметам дека сите одредби во законот кои што се однесуваат на извршниот директор треба да се избршат. Местото извршен директор во целост треба да биде избришан, бидејќи непотребно се врши дуплирање на раководни органи во рамките на Академијата, со што трошоците за работа на Академијата непотребно се зголемуваат.

Нема да земам збор по сите други амандмани кои што се однесуваат на извршниот директор на Академијата, со цел да не трошиме време повеќе, па сметам дека треба добро да размислат пратениците колкав дел од буџетот ќе се потроши за овој извршен директор и дека не е неопходно потребно Академијата да има извршен директор.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓо Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Се јавив во подршка на предложениот амандман, затоа што исто така мислам дека извршниот директор е непотребен во Академијата, од причини што навистина се многу органите на Академијата. Тука е Управниот одбор, директорот, извршниот директор, Програмскиот совет. Да напоменам дека само Управниот одбор има 11 члена, има директор, има програмски совет и навистина извршниот директор не е потребен, само ја правиме администрацијата поголема. Трошоците околку работењето на Академијата ќе бидат поголеми, а не верувам дека нешто значајно ќе се промени во организацијата и функционирањето на Академијата, доколку се укине извршниот директор. Сосема се доволни Управниот одбор, директорот и програмскиот совет. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Караџоски Жарко.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

И мојата дискусија е во подршка на амандманот, со тоа што би сакал да искажам дека навистина одредбата за внесување на извршен директор во текстот на овој закон е сега новина, затоа што во првата фаза и не постоеше. Постоеше одредба во која се кажуваше дека директорот ќе има и негов заменик директор.

Овде очигледно е дека при постоењето на директор и немањето на заменик директор, треба да се удоволи, еве, некаква да речам, во коалицијата мир, па затоа се измисли категорија на извршен директор. Навистина, крајно е нелогично да постои извршен директор во една Академија која, покрај оние надлежности што ги има во законот, други и нема.

Значи, категорија извршен директор може да стане збор за некоја стопанска гранка или во ситуации каде што имаме борд на директори, па да се знае кое е лицето кое ќе ја извршува целата работа. Но, при постоење на орган, директор, да се има извршен директор, навистина е крајно нелогична работа. Значи, сега, замислете една состојба. Имате претседател на Управен одбор, имате директор на Академија и имате извршен директор. Тие што ќе бидат избрани на тие места, навистина нема да знаат што треба да работат. Еден со друг ќе си сметаат. Освен претседателот на Управниот одбор, кој што ќе ги закажува тие седници, согласно овој закон и така ќе ги раководи. Но, директорот и извршниот директор навистина нема да знаат што треба да работи едниот, што треба да работи другиот. Но, сепак, ако ги погледнете условите за можноста кој може да биде извршен директор и кој може да биде директор, тука има разлика. Одтука, гледам дека не е целта носењето на одредба за извршен директор за кој знае каква стручна и квалитетна работа, освен да се задоволат некакви апетити внатре во коалицијата.

Затоа сметам дека текстот со содржината на извршниот директор на Академијата, апсолутно е непотребно и ќе има проблеми во неговото спроведување. Заради тоа јас ќе го подржам амандманот.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам подпретседателе. Она што сакав да го кажам во дискусијата за извршниот директор и по повод Предлог на закон за Академија за обука на судии и јавни обвинители ќе го кажам токму по овој амандман. Што ми е мене симптоматичен, она што го рече и колегата Караџоски. Значи, во првата фаза имавме заменик директор на Академијата. Во тој предлог за донесување на закон стоеа одредени услови кои треба да ги исполни заменик директорот. Меѓу нив се вели: и активно да познава еден од светските јазици. Што е добро. Но, во овој контекст за извршен директор на Академијата се вели само: да познава еден од светските јазици. Значи, без зборот "активно да познава". Бидејќи јас можам да го познавам индискиот јазик, знам дека постои, некој друг јазик, ескимски, исто така да знам дека постои, но треба и активно да го зборуваш со оглед на она што се сака да се постигне со овој предлог. Извршен директор и директорот кои се наведени се поклопуваат во две надлежности во две алинеи. И директорот во правата и должностите се вели дека учествува во работата на управниот одбор и програмскиот совет. Во надлежностите на извршниот директор се вели: учествува во работата на програмскиот совет. Меѓутоа, тука има еден куриозитет. Извршниот директор со последната алинеа требал да има организаторски способности. Па ако некој треба да има организаторси способности, тоа треба да биде директорот, а не извршниот директор. И се прашувам, зошто извршен директор? Покрај она задоволување на одредени барања на коалицијата, сметам дека Владата има желба за звучни имиња, бидејќи извршен директор и заменик директор некако не звучат добро кога ќе ги споредиме еден со друг. Извршен директор му доаѓа како некоја, превод на англиски "егзекутив" директор, демек многу голема функција има човекот, а не треба да го има воопшто во законот. И сега ние се доведуваме во ситуација две различни личности покрај сите други кои учествуваат во работата на Академијата и плус управниот одбор и плус програмскиот совет да ја организираат работата на Академијата. Искрено да ви кажам, не знам како тие луѓе ќе знаат кој, на кого, до каде му се надлежностите. И затоа сметам дека извршниот директор како директор, она што е предложено со амандманот не треба да постои во ваков предвиден закон за Академија за обука на судии и обвинители.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Сосема накратко уважувајќи ги образложенијата, или различните погледи од она што е предложено во законот на моите почитувани колеги, сепак имам едно сосема спротивно мислење. Имено, гледајќи го членот 18 кој зборува за права и должности на директорот и члено 21 кој зборува за права и должности на извршниот директор, лично сметам дека предлогот понуден во законот е сосема коректен од две причини.

Прво, јасно се разликуваат надлежностите, или правата и должностите на директорот од извршниот директор, бидејќи директорот помеѓу останатото ја застапува и претставува Академијата што не е во надлежност, или во правата и должностите на извршниот директор. Меѓутоа, доколку колегите го видат членот 21 ставот 1 и алинеата 5, тоа го давам како пример. Дали тие сметаат дека директорот е тој кој ќе треба, на пример да раководи со стручната служба на Академијата. Дали е директорот тој што треба да ја организира работата и спроведувањето на програмите утврдени од управниот одбор. Дали директорот е тој што треба да ја координира и организира работата. Се работи за стриктно поделени надлежности и од таа страна мислам дека предлогот содржан во законот е сосема коректен. Не е точно дека ќе се мешаат надлежностите туку напротив токму со овие два члена кои ги посочив, сметам дека надлежностите се правилно утврдени.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика пратеникот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Не би ја нарекол реплика, меѓутоа во секој случај не се сложувам со она што господинот Томиќ е повикан, или поттикнат од нашите дискусии по однос подршка на амандманот, го искажа. Значи, членот 18 и членот 21 не кажуваат ништо што би во одело поткрепа дали треба да има извршен дирекотор или не. Јасно е дека кога ќе предвидите директор или заменик директор, или директор и извршен директор, јасно е дека ќе утврдите некакви надлежности кои што ќе се разликуваат. Иако во членот 18 директорот ќе се грижи за извршување на одлуките на управниот одбор, а извршниот директор ќе ги извршува одлуките на управниот одбор. Навистина е симптоматична надлежност. Значи едниот ќе извршува, а другиот ќе се грижи како ќе ги извршува одлуките на управниот одбор. Навистина е нелогично. Тоа се издвоени надлежнсти, колку да се има надлежности. Инаку господине Томиќ како што вие искажавме потребата од извршен директор и сите оние надлежности кои што ги испрочитавте и колку е тоа добра работа, аналогно на вашето се поставува прашање да не ни е малку еден извршен директор? Навистина толку многу работа ќе има човекот, ќе се утепа од работа, дајте во законот да предвидиме да има барем уште двајца, тројца извршни дирекотори. Затоа што за секоја работа можете да поставите извршен директор, буквално за секоја надлежност која што е овде напишана. Затоа навистина е нелогично. Јас не се осврнав на она што го кажа госпоѓата Бонева и Ристана Лалчевска заради принципот на економичност, ако сакаме воопшто нешто да заштедиме, зошто да одбираме функција, за да има повеќе плати, како што кажав и заради тоа некому да му удоволиме да се вика директор, ама да не е тоа заменик, туку да биде извршен. Навистина непотребно и не ви држат аргументите.

**Слободан Најдовски:** Три минути реплика Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам подпретседателе, токму колега Томиќ во членот 21 дека раководи со стручна служба, каде што вели, упатува на тоа дека неможе да биде извршен директор. Веќе ако станува збор за некој што ќе раководи со стручна служба, тогаш треба да биде секретар. А вака ние ќе извршиме и деградација на извршните директори на бордови каде што навистина има потреба од такви извршни директори. Навистина според описот на она што треба да значи извршен директор, тоа е во бордовите каде што има надлежност за него. А овде апсолутно нема надлежнст и нема потреба да имаме покрај директор, управен одбор, претседател на управен одбор, сега и извршен директор на кој му се преплетуваат надлежностите со директорот и со нешто што би требало да биде секретар. Од тие причини, а посебно од причина на економичност апсолутно не е потребно да постои извршниот директор.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам подпретседателе. Колегата Томиќ ме мотивира да го побарам Предлогот за донесување на закон за Академија за обука на судии и јавни обвинители. Таму стои член 21, права и должности на заменикот директор. Така се викал предходно. Две надлежности, права и должности. Значи, го заменува директорот на Академијата во негово отсуство. И под два, извршува и други работи кои што ќе му ги довери директорот или кои произлегуваат од Статутот и подзаконските акти на Академијата. Што ја мотивирало Владата од овие две надлежности во втората фаза да му го смени на човекот и името, било кој и да е, само заменик директор да го направи извршен директор, сакајќи да му помогне, па како што рече колешката Ристана Лалчевска всушност да го деградира со дадените надлежности, затоа што тој ќе организирал и ќе раководел со стручната служба. И ќе повторам уште еднаш, ако веќе некој треба да има организаторски способности, верувајте тоа треба да биде директорот на Академијата, а не заменикот дирекотор, или извршниот директор. А таква алинеа во членот 18 каде што се наведени правата и должностите на директорот, значи да има организаторски способности, не постои, за разлика од тоа пак постои кај извршниот директор.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 56, 9 за, 5 воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 8 ставови 1, 2 и 4 за менување на став 3 и за бришење на ставовите 5, 6 и 7, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа бидејќи вака како е предвидено управниот одбор може да работи во полн состав и да се рефлектира во тоа професионалноста, како и баланс на владите од кои ние овозможивме да има претставници во управниот одбор од сите вакви релевантнни институции.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 66 пратеници гласале 59, 9 за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 алинеа 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи такво амандман имавме што беше по член 6 и тоа е поврзано.

**Слободан Најдовски:** Амандман не е прифатен.

Констатирам дека нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресто по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници гласале 59, 9 за, 1 воздржан, 49 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 2, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 19 и насловот пред членот 19, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

**Субхи Јакупи:** Исто така, овој амандман е поврзан со извршен директор на Академијата и овој амандман не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници, гласале 60, 10 за, 2 воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 2, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 3 за бришење на алинеа 6, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Ејуп Рустеми.

**Ејуп Рустеми:** Ви благодарам господине подпретседателе. Амандманот за кој што се говори е предложен од причина што гледаме дека освен другите услови кои што треба да ги исполни кандидатот за извршен директор има уште еден услов кој што по мое мислење може да биде и дискриминаторски. Зошто го велам ова? Го велам, затоа што се бара да има и организаторски способности. Јас не знам врз основа на што кандидатот би имал документ со кој ќе докаже дека има организаторски способности и не знам дека некаде постои некоја институција, или установа која би дала таква потврда која што би проценила дека кандидатот има организаторски способности, кога од друга страна се бараат услови кои што треба да ги исполни извршниот директор кој што треба да биде дипломиран правник, да има положен правосуден испит, да познава еден од светските јазици, да има работно искуство најмалку 8 години на правни работи. И не знам која би била таа потврда која што сега би докажала, би потврдила дека тој кандидат кој што конкурирал за извршен директор има и организаторски способности. И токму од овој аспект, јас мислам дека може да биде еден од оние услови кои што можат да бидат дискриминирачки затоа што управниот одбор може да процени дека овој кандидат има, или нема организаторски способности. Токму поради ова ние мислиме дека другите услови се доволни, освен условот кој што треба да покаже, да докаже дека кандидатот има организаторски способности. Благодарам и верувам дека ќе имам подршка од страна на пратениците да гласаат за овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** За разлика од мојот колега Ејуп Рустеми, јас имам сосема спротивно мислење. Лично сметам дека треба да остане алинеата 6, односно амандманот да биде одбиен. Ова го истакнав и во моите предходни одговори по предложените амандмани од колешката Бонева, бидејќи токму членот 21 кажува зошто треба помеѓу останатите да има организаторски способности. Ова ви го кажувам и со следниот пример. Имено, ние имаме и во овој состав сме имале избори  и сеуште имаме избори и  на претседатели на основните судови, апелациони и на Врховниот суд, меѓутоа конкретно за јавниот обвинител на Република Македонија. Овде станува збор за извршен директор. Надлежностите се содржани токму во членот 21, за што зборував и доколку не поседува такви организаторски способности, илузорно е да се каже дека таков човек може да биде именуван од страна на управниот одбор за извршен директор. Ова посебно го напоменувам, бидејќи како што кажав не само што ги извршуа одлуките на управниот одбор, не само што ја координира и организира работата, туку ја организира работата и спроведувањето на прогарамите утврдени од управниот одбор. Овде не треба некоја посебна потврда. Инаку, самиот факт што треба да има работно искуство најмалку 8 години на правни работи, можеби тука требаше да се размисли во организационен дел. Токму организацијата е многу битна работа, бидејќи извршниот директор ќе ги извршува одлуките на управниот одбор, а управниот одбор се разбира е тој што ја организира работата. Од тие причини навистна сметам дека предлогот на Владата е добар и не гледам навистина никаква основа за дискриминаторски, како што се искажа колегата Ејуп. Мислам дека сосема држи одредбата од алинеата 6.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Да не се лошо разбереме, бидејќи ние сме против тоа кандидатите да имаат организаторски способности и т.н. Ние не сме против тоа, меѓутоа, кој е тој на пример кој ќе го оцени и колку ќе бидат објективни тие оценки од тој кој има или нема организаторски способности. Ние едноставно цениме дека, бидејќи се бараат сите други услови кои треба да ги исполни кандидатот, само по себе се подразбира, без овој услов, организаторски способности, управниот одбор секако ќе ја има предвид кариерата на тој кој конкурирал, дали имал или немал организаторски способности. Не гледаме неопходност тоа да биде како услов.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 66 пратеници гласале 57, за 14 гласале, 5 воздржани, 38 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 20 и насловот пред членот 20, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 66 пратеници гласале 58, за амандманот гласале 10, воздржани 2, против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 21 и насловот пред членот 21, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 66 пратеници гласале 60, за 9, воздржан 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членот 21 и насловот на членот 21, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 22 ставови 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 66 пратеници гласале 59, за гласале 8, воздржани 3, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 3 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Во овој амандман се работи за општо прифатен термин што ние во Влада во законот кажавме да бидат тоа експерти, а овде со амanданот се предлага зборот експерти да се замени со зборот правници. Мислам дека е поприфатлив овој општо прифатен термин, експерти.

Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Во членот 26 кој зборува за едукаторите дека се експерти и кои непосредно ги спроведуваат програмите за обука и се кажува дека едукаторите се определуваат од редот на судиите и обвинителите, како и од истакнати експерти од определена област. Сметам дека посоодветно е наместо истакнати експерти од определена област, да стои истакнати правници од определена област. Мислам дека подобро би било да биде прецизирана професијата што се бара да ја имаат едукаторите. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Едукаторите не треба да бидат само од правната област. Имено, делот од обуката на судиите се однесува и од сферата на економијата, оние во трговско право, делот се однесува од медицината, она што значи судска медицина и од други области. Така што терминот содржан во законот е сосема коректен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници гласале 56, за гласале 5, воздржан 1 и 50 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 точка 2, за менување на алинеја 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Од сите реформи што ги правевме јас мислам дека тенденцијата е да се намалат годините да биде судија. Сметаме дека е доволно, после сето тоа што се бара по законот, по положен правосуден испит една година работно искуство и 15 месеци што се предвидуваат со законот, да може да врши обука во Академијата. Сметаме дека е доволен тој

период да може да биде обучен таков кадар да биде судија.

Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Кои се кандидатите кои можат да ја посетуваат академијата и во иднина да се стекнат со статус на судии односно овде се дадени посебните услови, освен тоа да биде дипломиран правник, да познава еден од светските јазици, да има положен правосуден испит, има и услов да има најмалку една година работно искуство на правни работи по полагањето на правосудниот испит. Од ова предложено законско решение произлегува дека кандидатите за судии односно обвинители можат да бидат лица кои имаат само една година работно искуство по полагање на правосудниот испит, па ако се додадат и 15 месеци обука во Академијата, произлегува дека лице со 27 месеци работно искуство, по полагање на правосудниот испит, може да биде избран за судија или обвинител. Истото тоа решение е спротивно на актуелниот закон за судовите каде е предвидено дека кандидат за судија на основен суд може да биде лице кое има 5 години работно искуство по полагање на правосудниот испит.

Од тие причини предлагам, наместо условот да има најмалку една година работно искуство на правни работи, по полагање на правосудниот испит, да стои, да има најмалку 3 години работно искуство на правни работи, по полагање на правосудниот испит и на овие 3 години кога ќе се додаде и времето на обука, значи 15 месеци, тогаш отприлика имаме скоро 5 години да има поминато после полагањето на правосудниот испит и условите да бидат идентични со сегашните кои важат за судиите и јавните обвинители.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 8 гласале за, 1 воздржан, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 1 и за бришење на ставовите 2,3,4,5,6 и 7 поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Сакам да дадам две образложенија зошто е поднесен овој амандман на член 35 со кој се бара приемот на кандидатите во Академијата да се уреди не само со овој закон, туку да се уреди и со актот на Академијата, а тоа е статутот.

Поаѓајќи од членот 5 став 2 алинеја 2 од овој Предлог-закон во кој освен другото се предвидува со статутот да се уреди и прашањето на организацијата и начинот на вршење на дејноста на академијата, јас ценам дека ставовите 2,3,4,5 и 6, кои се предвидени во текстот на овој член, треба да бидат составен дел од статутот како акт, а не на овој закон. Оттука, базирајќи се врз основа на член 5 став 2 алинеја 2, барам да ме поддржат колегите пратеници.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници гласале 55, за гласале 42 гласале, 1 воздржан, 12 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 35 став 1 и за бришење на ставовите 2,3,4,5,6 и 7 поднесен од пратениците Андан Јашари, Рафис Алити и Ејуп Рустеми.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Заради претходно наведените причини за извршен директор, овој амандман не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 64 пратеници гласале 52, за гласале 2 ,воздржани 2, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 став 4 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Во врска со методот за оценува на вкупниот успех на кандидатите што го положиле завршниот испит и кој се добива врз основа на успехот постигнат во текот на наставата, оценката на менторите судии односно обвинители и успехот постигнат на завршниот испит, треба да се брише успехот постигнат во текот на наставата, бидејќи не постојат поблиски одредби за тоа како ќе се постигнува и како ќе се цени тој успех и оценката дадена од менторите, бидејќи истото може да доведе до субјективизам и нереално вреднување на кандидатите. Вкупниот успех на кандидатот треба да зависи единствено од неговиот постигнат успех на завршниот испит, кој треба да биде писмен, анонимен и заснован врз бодовен систем.

Со овој амандман предлагаме да се додаде нов став 5 кој треба да гласи - завршниот испит е писмен, анонимен и заснован врз бодовен систем.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Бонева расправаме за амандманот на членот 39 став 4, а вие зборувавте за следниот амандман. Следниот амандман дали е истиот, за додавање. Ова е само за бришење. Затоа, за да немаме недоразбирање. Ова е за извршен директор. Во ред.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници гласале 57, за гласале 9, воздржан 1, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 39 за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Сметаме дека кандидатите од целата обука ќе бидат оценувани и мислам дека нема потреба за додавање на нов став.

Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Сметам дека не треба да има субјективизми. Треба да има еден основ за реално оценување. Затоа завршниот испит треба да биде писмен, анонимен и да се заснова врз бодовен систем.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 63 пратеници гласале 59, за гласале 12, воздржани нема , против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.
Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Овој амандман е поврзан со претходниот амандман.

Сметам дека постигнатите резултати на завршниот испит кои се постигнати врз основа на писмен, анонимен тест и врз основа на освоени бодови. Врз основа на тоа треба да се направи ранг листата на кандидатите. Повторно ќе кажам, за да нема пристрасност и субјективизам, туку еден реален начин на оценување на кандидатите за судии. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници гласале 57, за гласале 10, воздржани нема, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Причина за донесување на законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители е потребата од усогласување на домашното законодавство со меѓународните документи од областа на правосудството во кои обуката на судиите и јавните обвинители претставува општоприфатен стандард како гаранција за стручно, квалитетно и професионално извршување на овие две значајни јавни функции.

Со донесувањето на законот и формирањето на институцијата ќе се остварат двете глобални цели на реформата на правосудниот систем, јакнење на независноста на судството и зголемување на

професионалноста на судиите и јавните обвинители.

Во изготвувањето на законот беа вклучени претставници од сите надлежни институции во системот на правосудството, како и бројни меѓународни експерти во оваа област. Исто така, во рамките на Проектот КАРДС 2001 година странски и домашни експерти врз основа на компаративни искуства и анализи од функционирањето на досегашниот систем имаа изготвено работен текст кој послужи како основа на работната група формирана во Министерството за правда.

Во текстот на Предлогот за донесување на овој закон целосно се вградени сите меѓународни стандарди содржани во бројните меѓународни документи.

Како побитни за оваа пригода би ги спомнал: Препораката број (94)12 на Комитетот на министри на Советот на Европа за независноста, ефикасноста и улогата на судиите, Европска Повелба за статусот на судиите и Мислењето за иницијалната и континуирана обука на судиите на национално и на европско ниво усвоено од Консултативниот совет на европски судии.

Предлогот за донесување на законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители е систематизиран во 8 дела. Јас ќе ги спомнам најбитните.

Во вториот дел е утврден начинот на управување и раководење и се разработени одредбите за органите на управување и раководење. Предвидено е дека орган на управување е Управниот одбор на Академијата, орган на раководење е директорот на Академијата, извршниот орган е извршниот директор, а Програмскиот совет е стручен орган на Академијата.

Управниот одбор го сочинуваат 11 члена претставници на органите и институциите одговорни за обука на судиите и обвинителите.

Мандатот на членовите на Управниот одбор, освен членовите по функција е 4 години, со право уште еднаш да бидат назначени.

Во третиот дел од овој закон едукатори се експерти кои непосредно ги спроведуваат програмите за обука. Тие се определуваат од редот на судиите и обвинителите, додека за остварување на програмите за постојано стручно усовршување, покрај судии и обвинители како едукатори можат да се определат и истакнати експерти од дадената област од Република Македонија или странство.

Ќе го одбележам и шестиот дел од овој закон во кој е регулирано прашањето за почетната обука на судиите и јавните обвинители. Во него детално се разработени јавниот оглас за прием во Академијата, приемниот испит, Комисијата за квалификација и прием на кандидати, услови што кандидатите треба да ги исполнуваат, правичната застапеност, траењето на почетната обука, завршниот испит, системот на вреднување на успехот на кандидатите и нивните права и обврски.

На крајот во последниот дел од законот се содржани преодните и завршните одредби. Имено, предвидено е дека Академијата претставува правен следбеник на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судиите на Република Македонија, содржана е одредба со која се регулира статусот на вработените во Центарот за континуирана едукација, предвидена е обврска на Владата на Република Македонија да обезбеди неопходни услови за почеток на работата и спроведување на програмите за почетна обука и постојано стручно усовршување, најдоцна во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Исто така предвидени се одредби за времето на конституирање на органите предвиденис о законот и донесувањето на подзаконските акти, како и одредби за стручно усовршување на новоизбраните судии односно новоименуваните јавни обвинители.

Затоа барам потполна подршка од вас да се изгласа овој закон. Благодарам.

(Во 13,45 часот со седницат апродолжи да раководи Љупчо Јордановски, претседател на Собранието).

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Јакупи.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, колеги пратеници, почитуван заменик министер за правда,

Еве ја имаме втората фаза од Предлогот на закон за Академија за обука на судии и обвинители. Имаше амандмани, има нешто различно од она што беа забелешки во прва фаза прифатени од страна на Владата, меѓутоа, суштинските забелешки сметам дека сеуште остануваат надвор од текстот на Предлог законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Сакам да почнам со самото име на Академијата, знаете, кога ќе се каже зборот Академија има тежина како на пример МАНУ, Полициска академија и верувајте тие што ќе бидат членови и на Управниот одбор и директори и во програмскиот совет и во комисиите за полагање на испитот ќе се испотепаат да бидат академици. Од друга страна имаме решенија, како што се на пример грчкото решение Институт за едукација во правосудството, во самата стратегија на Владата за реформи во судскиот систем стои името школа за обука на судии и јавни обвинители, но еве Владата за да даде тежина на овој закон вели дека треба да биде Академија за обука на судии и јавни обвинители. А, бидејќи си патиме од звучност, верувам дека ќе го имаме проблемот со квалитетот кој треба да се спроведе со овој закон.

Намерата на законот е, според Владата, остварување на функцијата на таа Академија и тоа спроведување на иницијална обука на кандидатите за судии и обвинители и

организирање на континуирана обука и усовршување на судиите, обвинителите, судските и обвинителските службеници, целта била и јакнење на независноста и зголемвување на ефикасноста во судството односно на судиите и обвинителите.

Е, за сето ова, почитувани колеги, треба пари. Значи, за да се јакне независноста и да се зголеми професионалноста, треба пари.

Во членот 30 од Предлог законот имаме посебна Глава финансирање и средства за работа на Академијата и таму имаме извори на финансирање, тоа се Буџетот на Република Македонија, средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија преку Буџетот на судската власт и други извори како донации, подароци, остварување самостојни приходи, приходи преку издавање на публикации и реализација на проекти, грантови и слично и третиот став, Академијата не може да прифати средства со чие обезбедување се доведува во прашање нејзината независност.

Ако го споредиме финансирањето како што е дадено во Предлогот и намерата и целта која се сака да се постигне со овој закон, ќе повторам, јакнење на независноста и зголемвување на професионалноста на кадрите кои ќе бидат едуцирани, верувате ли дека постои трошка можност за независност во судството, за кадрите кои ќе следат натаму и истовремено да ја зголемиме професионализацијата. Јас не гледам дека е така, а и досегашната пракса покажа дека постојат или слабостите кои се наоѓаат во правосудството во Република Македонија се всушност двата клучни аспекти, а тоа е начинот на избор и разрешување на судии и обвинители во Република Македонија и материјалната односно финансиската самостојност на судството и обезбедување на потребните материјални средства за нивно непречено одвивање на функцијата.

Сите забелешки кои доаѓаат од Меѓународната заедница укажуваат дека нашето судство е тромо, дека е неефикасно, дека се оддолжува бројот на потребните години за кои треба да се реши спорот. Сега, со оваа Академија треба да ги едуцираме новите кадри како иницијална обука, а истовремено да се доусовршуваат стручните служби во судовите и обвинителствата, но и постојните судии и обвинители кои имаат над 15 или до 15 години работно искуство.

Јас верувам дека и Владата не е сосема сигурна дека со овој Предлог закон ќе се постигнат ефекти кои се предвидени во Стратегијата за реформа на судскиот систем.

Заклучок од сето ова колку пари ќе даде државата толку музика ќе има од обвинителите и судиите, толку квалитетно ќе работат и професионално ќе ги извршуваат своите активности. Колку државата сака да обезбеди услови за јакнење на независноста и зголемвување на ефикасноста на судиите но искрено, а не како што вели колегата Шајноски "зш така требит", толку ќе има поажурно и поквалитетно судство и обвинителство. Ние сме во фаза на реформа во судскиот систем, Уставот го сменивме за реформа во судскиот систем, новите кадри треба да ги едуцираме во духот на тој професионализам и јакнење на независноста и треба да стигнеме до независно судство, но се надевам дека нема да заборавиме да дишеме додека го завршиме сето тоа.

Гледајќи го законот, почитувани колеги, повеќе ми личи на правилник за работа на некоја институција отколку на закон со кој треба суштински да се поставаат основите за едукација почетна, иницијална едукација на кадри кои ќе чекаат, здравје боже, да бидат судии.

Веднаш го поврзувам членот 41 ставовите 2 и 3, значи по успешно завршување на почетната обука лицето се стекнува со својство на кандидат за судија односно кандидат за обвинител, му се издава уверение и тоа уверение кандидатот иако Академијата е должна да размислува за бројот на судиите кои се неопходно потребни за определен временски период и оние судии кои можеби поради смрт или поради нивни лични причини би го напуштиле судството кое однапред Академијата не го знае ниту судовите можат да го предвидат.

Значи, со така добиеното уверение тој кандидат слободно може да си го закачи на клинче и да чека додека не се исполнат условите тој да биде избран за судија или да биде избран за јавен обвинител, а рокот на години не е даден затоа што можат да се случат и инцидентни работи.

Друго, не е наведено до колку се ослободи место на пример за избор на судија во Тетово, а од листата на кандидати кои се дадени нема ни еден од Тетово, прв на ранг листата е некој од Гевгелија, па дали по автоматизам тој од Гевгелија треба да оди на работа во Тетово или ќе чека да се ослободи во неговото место слободно место да биде избран за судија или за обвинител, оти тој си има уверение за кандидат и чека да фати место.

Понатаму, она што го кажав претходно во овие дискусии една работа ми е, почитувани колеги, многу симптоматична, знам дека претседателот ме крсти баба Ванѓа, но во првата фаза ги имавме условите кои треба да ги исполни заменик директорот, меѓу еден од условите е тој да биде државјанин на Република Македонија и да поседува диплома за завршен Правен факултет во Република Македонија, да има положен правосуден испит, активно да познава еден од светските јазици, да има работно искуство од најмалку 8 години.

Во оваа втора фаза од условите кои се предвидени е избришан дека заменик директорот за да може да биде избран треба да ги исполни условите да дипломирал на Правниот факултет во Република Македонија. Тоа го нема во ова фаза. Сега се прашувам кои се причините и мотивите што Владата од првата фаза го отфрлила овој услов за да може заменик

директор да биде лице кое завршило Правен факултет во Република Македонија. Сметам дека неаргументирано Владата го извршила ова бришење од следните причини. Каде и да завршиле колегите дипломирани правници во соседните земји и во Европската унија и надвор од Европската унија, во САД, Канада, тој правосуден систем не е ист со нашиот правосуден систем, почитуван заменик министер. Секоја држава си има свој правосуден систем, свој начин на работа, ние треба да се усогласуваме со Европската унија, меѓутоа, морате да признаете дека секоја држава си има свои специфики во правосудниот систем. Сега ние не можеме да викнеме некој кој завршил или учел во Германија, го учел Правниот факултет во Германија да дојде да ни биде извршен егзекутив директор на Агенцијата за обука на обвинители и судии во Република Македонија. Јас разбирам да ги едуцираме германските судии, но нашите со искуството кое го има тој ќе мора да чека 8 години да го подначи нашиот правосуден систем за да може да конкурира да биде извршен директор во Академијата.

Овој амандман што се прифати од страна на заменикот министер се однесува на членот 35 предложен од колегите од ДУИ, се избришаа сите ставови од членот 35 за селекција, за квалификационен тест, за приемен испит, програма за полагање на приемен испит и т.н. и како се врши приемот на кандидати во Академијата. Остана само прием во Академијата, приемот е достапен за секој што ги исполнува условите за прием во Академијата утврдени со овој закон. Пак се враќаме на нашето кое претходно го кажував за колегите кои завршиле Правен факултет некаде надвор од Република Македонија, а имаат многу голема желба да се вратат и да бидат кандидати за судии во Република Македонија или кандидати за обвинители и сите ние со прифаќање на амандманот од кој се бришат сите овие, мислам дека го намаливме значењето иако колегата Аднан Јашари рече дека ова било повеќе статут на Академијата, а не да биде предвидено во закон, јас не се согласувам со него, ако веќе се зборува за Академија за обука на судии и обвинители, обуката опфаќа и начин како ќе се дојде воопшто до статусот кандидат, кој може да биде, како ќе изгледа полагањето на испитите додека да се стекнат тие луѓе кандидати за судии и обвинители, мислам дека со прифаќањето на амандманот апсолутно се направи упат во целиот контекст кој сака да се постигне со овој закон за обука на судии и јавни обвинители.

Накратко претседателе, би одзела две минути , но многу се, вие сте прецизен, 42 секунди можеби, ќе кажам само едно. Она што е наведено како експерти, едукаторите се експерти, треба на македонски начин да го дефинирам езборот експерт. Експертите кај нас се варијабилна категорија. Некој е експерт, ама некој не е експерт, а се прави дека е експерт и сите оние кои учествуваат во едукацијата на судиите и обвинители, она што го спомна колегата Томиќ од областа на судска медицина и останатите области, да не заборавиме едно нешто, ако веќе едуцираме кадри, тие кадри треба да бидат потковани и со определен тим психолози затоа што секоја пресуда различнао влијае на сторителот на кривично дело. Значи, судијата, идниот судија или идниo тобвинител треба да знае да направи психолошки профил на лицето кое е пред него, кое е обвинето, на кое му се суди и кое допрва треба да му започне судскиот процес.

Од тие причини сметам дека Владата, а поучени од нејзиното искуство со Законот за слободен пристап до информации додека трае расправата да се размисли за тој профил или тој вид на кадри кои би учествувале во едукацијата на идните судии или идните обвинители затоа што за секој казна затвор од еден месец различно влијае, за некој еден месец е многу, за некој 10 години не значат ништо, а бараме судството да ја постигне целта на казнувањето.

Еве, за да не биде опозицијата деконструктивна ќе гласам за.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска поминаа две минути по ваше барање. Самата си определивте две минути, еве две минути поминаа.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 14,02 часот).
(По паузата)
**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со расправа по текстот на Предлогот на законот.
Госпоѓо Лалчевска повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе. Немаме претставник од Министерството за правда за жал.

**Љупчо Јордановски:** Инсистирате?

**Ристана Лалчевска:** Па, инсистирам. Не си зборувам сама за себе.

**Љупчо Јордановски:** Зборувате пред јавноста.

**Ристана Лалчевска:** Јас инсистирам затоа што разговараме за текстот, дали можеме нешто да поправиме околу текстот. Затоа е потребен претставникот на Владата.

**Љупчо Јордановски:** Го молам претставникот да влезе во салата. (Претставникот на Владата влегува во салата).

Повелете госпоѓоЛалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе што го обезбедивте претставникот од Министерството за правда.

Би сакала да го изнесам своето мислење, односно своите дилеми околу Предлог-законот за академија за обука на судии и јавни обвинители и вднаш на стартот ќе кажам дека според мене законот прво е недоискажан и не ја исполнува целта која е поставена.

Второ, во голем дел не кореспондира ниту со Уставот, пред се, терминолошки, а второ, не кореспондира со правниот систем кај нас, бидејќи

ние сега за прв пат воведуваме таква академија и треба во секој случај да се разгледа целиот правен систем и како тој ќе кореспондира во него.

Прво, би започнала од препораките, затоа што некако систе се фаќаме за тие препораки од Европа. Препораките од Европа велат дека треба да се воведе бесплатна обука, значи соодветна обука пред да бидат избрани судиите, значи за судиите, како и во текот на нивната кариера. Меѓутоа, законот како што е поставен, големо внимание и голем број членови се посветени пред се, на изгледот и организацијата на административниот дел би рекла, на академијата. Помал дел од одредбите се однесуваат на делот на обука на судиите пред да бидат избрани за судии, а значително мал, односно незначителен дел е посветен на одредби, мислам дека се само пет члена, што е посветен на обука на нивната кариера.

Според мене, последниот дел требаше и те како да биде појачан, да имаме одредби повеќе и да биде разработен како по кои правила со какви обврски во кој временски периоди и тн. ќе бидат континуирано обучувани судиите и јавните обвинители за сите новитети во правото, односно за сите нови закони како на национално ниво, така и на закони кои се однесуваат на Европската унија, судска практика и тн. За жал во законот тоа е најслабиот дел. Само пет члена кои бледо се нафрлени временски периоди ако имате толку стаж, толку часови треба да поминете на обука, ако имате од толку до толку години толку часа на обука и тн. Притоа не е кажано ни дали е тоа обврска и ако е обврска, а претпоставувам дека е обврска континуирана на судиите за обука, што со оние што нема да прифатат да одат на обука. Можат да ни се појават случаи да не оди на таа континуирана обука и не оди. Ќе има ли реперкуси, ќе има ли казни, ќе има ли разрешувања и тн. за судиите кои нема да прифатат, зашто како права и обврска, само толку е дефинирано. Меѓутоа, неисполнувањето на одредена обврска секогаш повлекува одговорност. Значи воопшто ништо не е спомнато што со одговорноста на судиите кои не ќе сакаат да учествуваат во континуираната обука, што според мене и те како значајна, ако сакаме да го подигнеме нивото на судот. Некако целиот закон е посветен како што реков и на почетокот, најголемиот дел и е посветен на организационата поставеност на академијата, а понатаму некако ми делува како филтер. Значи академијата е како еден филтер да го поминат судиите да можат да дојдат на ранг листа за да бидат избирани. Понатаму, само е бледо објаснето дека имаат некаква обврска. Ништо понатаму не е разработено. Затоа целиот закон системски, според мене многу лошо е поставен и не одговара на она што значи препорака од Европската унија. Тежиштето е на континуираната обука на судиите низ целото нивно вршење на судската функција.

Тоа е првиот дел на кој имам навистина, големи забелешки.

Второ, околу органите на академијата. Во членот 7 се предвидени управен одбор, директор, извршен директор, програмски советник. Прегломазна администрација.

Управниот одбор брои 11 членови. Јас навистина, не можам да разберам зошто ни е потребен толку голем управен одбор кога да развреме, во споредба со Фондот за здравство, управниот одбор на Фондот за здравство, кој е еден најголем систем, имаме само 7 члена на управниот одбор и имаме огромни средства. Мислам дека најголем прилив на огромни средства имаме во овој Фонд. Имаме управен одбор кој ќе раководи со тој фонд, кој ќе носи одлуки за трошење на тие средства, а имаме само 7 члена. Овде имаме управен одбор од 11 члена, а притоа, само 2% од судскиот буџет ќе одат за академијата, затоа што поголем дел она што е во делот на адвокати, нотари, претпоставувам и идните извршители, кои што воопшто не се спомнати во законот, а би требало да бидат внесени, исто како што се внесени нотарите, адвокатите и идните извршители кои наскоро ќе почнат со полагање на испитот за извршители, би требало да одат на едукација. Тие самите си ги сносат трошоците. Значи ќе има прилив на средства во академијата, меѓутоа, не се работи за некои огромни средства да ни е потребен управен одбор од 11 члена. Тој управен одбор, нормално, ќе има свој претседател, имаме директор, што е во ред. Значи јас се залагам за многу помала бројност на управниот одбор, бидејќи нема потреба од толку масовен орган.

Понатаму, за извршниот директор веќе го изнесов своето мислење низ дискусијата по амандманите. Јас апсолутно се противам да имаме извршен директор во академијата, бидејќи според одредбите не е јасно која е неговата функција. Тие се преклопуваат воглавно со надлежностите на директорот, а некаде се поклопуваат со програмскиот одбор и тн. Значи нема некоја изворна надлежност, освен тоа што господинот Томиќ сакаше упорно да ме убеди дека ќе раководи со службата на академијата. Тогаш во тој слуај дајте да видиме, да разгледаме да имаме секретар. Изверsucc директор навистина, е функција од поинаков ранг и нешто друго треба да врши, а не на некој начин да е нафрлена во систем што апсолутно не е потребен. И програмски совет од 7 члена. И овде мислам дека е преголем овој орган, затоа што кога ќе направиме една математика колкав е управниот одбор, па двата директора, па програмскиот совет, навистина е премасовна и преамбициозна администрација за академијата. Не е потребно апсолутно инволвирање на толку многу луѓе, затоа што може академијата да функционира и со помалку и поефикасно, а за економичноста мислам дека на сите ни е јасно дека економичноста е на прв план, меѓутоа да спомнам дека ние се залагаме за намалување на администрацијата. Ако вака ги проектираме работите ние не одиме во насока на намалување на администрацијата, туку зголемување и

задоволување на партиски или не знам какви интереси за пополнување на места, а квалитетот, сигурно нема да биде на прв план. Значи, јас апсолутно не се согласувам со поставеноста и обемноста на администрацијата.

Понатаму, би сакала неколку збора да кажам околу кандидатите. Почетокот на обуката прво да кажам е со јавен оглас за прием во академијата. Во ставот 2 од членот 3 вели според потребите и слободните места за судии. Јас навистина, иако се потрудив, никако не можев да испроектирам и да претпоставам како ќе се врши проектирањето. Затоа што да напоменам, академијата трае 15 месеци. Значи како вие однапред година ипол ќе знаете дека таму и таму ќе се ослободи одредено судиско место, па сега нам ќе ни треба оглас да оди некој на академија, па после 15 месеци да дојде за кандидат за судија. Тоа мене ми изгледа малку непрактично и нелогично. Со оглед на тоа што судиите имаат повеќе начина за престанување на нивната функција, можеме да ги проектираме идните пензионирања, меѓутоа не можеме да ги проектираме идните разрешувања поради други причини кои се законски и поради кои можат да бидат разрешени судиите, за несовесно работење, поради изрекување на казна затвор од шест месеци и тн. да не ги набројувам, тие се кажани во нашето позитивно право. Како вие во таков случај ќе ги проектирате однапред година ипол испразнување на местата за судии. Тоа е едно, околу тој јавен оглас за прием во академијата, кој никако не ми е јасно како ќе функционира.

Сега околу условите на кандидатите кои треба да ги исполнуваат. Велат да е дипломиран правник, да познава еден од светските јазици, да положил правосуден испит и најмалку една година работно искуство на правни работи, по полагање на правосуден испит. Сега, за да положите правосуден испит најмалку ви е потребно две години да работите кај адвокат или во суд. Значи тој е минимум стаж и пет години на правна работа за да положите правосуден испит. Сепак тврдам правосудниот испит е правосуден испит, меѓутоа, ако вака поставуваме и воведуваме академија, можеби треба да размислиме за редефинирање на испитот, затоа што треба за да влезете во академијата, имате приемен испит. Приемниот испит, според она што е овде кажано, во членот 35 програмата за полагање на приемен испит содржи прашања од кривично, граѓанско право и тн., значи се она што содржи правосудниот испит. Дали ќе ни се случи во практиката, идните судии да полагаат еднаш правосуден испит, истата материја по втор пат приемен испит за академија истата материја и по трет пат завршен испит во академијата, кој се надевам дека ќе биде повеќе практиен отколку теоретски, повторно истата материја. Можеби тоа не е лошо, меѓутоа, многу теорија, можеби повеќе пракса. Тоа е едната дилема за која размислував дали е потребно да се редефинира правосудниот испит, или можеби да се редефинира приемниот испит на академијата. Можеби да се даде тежиште на приемниот испит на академијата, да нема правосуден испит, или тој да го редефинираме за адвокатски или нешто слично, или пак, ќе видиме со која тежина ќе биде тој приемен испит. Дали ќе се случи два пати да полагате иста материја и да се движите во иста насока, односно да се приближувате кон функцијата судија. Тоа е едната дилема.

Другата дилема, тука мислам ја начна колешката Којзеклиска и јас навистина, размислувам. Македонија е 15 години независна држава, меѓутоа, кај нас има правници кои положиле правосуден испит и надвор од Македонија. Значи, не за правосудниот систем во Македонија. Затоа што тоа е и целта на правосудниот испит. Дали и тие правосудни испити ќе се изедначат, бидејќи вака како што е напишано не е јасно дали правосуден испит во Република Македонија или надвор од Македонија, или ќе треба да дополага нешто и што. Значи, околу тоа ништо не е кажано и мислам дека не е во ред, затоа што не секаде се исти условите, ниту пак се исти правните системи на државите. Мислам дека тука јасно треба да се каже за правосуден испит положен во Република Македонија, кој апсолутно ќе си кореспондира со нашиот систем. А тие што имаат положено надвор, би требало да има некоја разлика и нешто да полагаат за нашиот правосуден систем.

Исто така, многу ми е недефинирана комисијата за завршен испит. Седум члена со мандат од две години. Јас мислам дека попрецизно требаше предлагачот да ја издефинира комисијата бидејќи таа е што ќе даде пас дали некој ќе положи или нема да положи и со тоа дали ќе биде потенцијал за иден судија или не.

Во член 41 ставот 1 вели, во текот на следење на почетната обука, кандидатот има право на надомест во износ од 70% од плата на стручен соработник. Тоа вака навидум изгледа во ред, меѓутоа, што ако кандидатот е стручен соработник ако претходно е веќе вработен како стручен соработник. Дали ваквата одредба нема да биде демотивирачка за стручните соработници кои работат во судот и кои според мене навистина, се многу подготвени за идни судии, нема да биде демотивирачко намалувањето на платата во периодот дури тие одат на обука, за да можат да станат судии. Јас мислам дека да затоа што на едно вакво тешко економско време, навистина намалување на 30% од платата за оваа категорија на лица, бидејќи и онака платите не се многу големи, ќе им биде демотивирачко да се пријават во академијата, а верувајте, се подготвени и обучени многу повеќе од другите правници.

И уште еднаш би потенцирала кај постојаното стручно усовршување и гласно би го поставила прашањето што ако судиите не сакаат или одбијат да одат на понатамошно усовршување. Овде не гледам никаква одредба што ќе се случи ако одбијат да одат, или едноставно не сакаат да одат на континуирана едукација, која што ќе напоменам, според препораките е тежишна. Дали ќе има казнени одредби, дали ќе има

разрешување и тн. Овде ништо не е спомнато. Само бледо е нафрлено дека право и обврска и по колку часа е потребно. Што за инеисполнителите на таа обврска.

Сега уште за една дилема би проговорила, а тоа е велиме оние што ќе положат, што ќе ја поминат академијата, ќе го поминат испитот и ќе станат сега кандидати за судии и предвидена е ранг листа и ќе се оди според таа ранг листа. Значи од таа ранг листа ќе се влечат идните судии. Ми се поставуваат две дилеми. Што ако се испразни место во Охрид, а на ранг листата ние немаме кандидат во Охрид. Ќе го пополниме од друг град? Значи мора ние да го известиме судијата и за можна таква алтернатива, ако така предлагачот замислил да одат реформите. Тоа е една дилема.

Друга дилема е што сега Судскиот совет ќе прави со својата надлежност за именување на судии. Значи според ова како е поставено, сега Судскиот совет, идниот судски совет ќе треба само да аминува, да, овој е прв на ранг листата и е избран за кандидат затоа што според последните измени на Уставот, ние на Судскиот совет му дадовме обврска за именување и разрешување на судии. При именување на судии определени услови и тн. Судскиот совет разгледува дали некој може или не може да стане судија. Сега, ако имаме таква ранг листа и ако од нејзе ги влечеме идните кандидати со завршена академија, значи се идни кандидати за судии, тогаш Советот ни ја губи суштината за оваа надлежност и поминува само во амин. Да, тој е прв а ранг листа и аминуваме, тој станува судија.

Јас мислам дека тоа не е во ред бидејќи Судскиот совет треба да си ја има својата надлежност која што ја имаше и до сега, меѓутоа, отпочнавме реформи во судството и извршивме уставни измени, меѓу кои и за оваа надлежност на Судскиот совет. Значи тој однос Судски совет - ранг листа навистина е непрецизен и нејасен: дали само ќе аминува судии кандидати кои се на ранг листата или пак ако не е така, ако Судскиот совет не аминува, што да речеме ако не се одлучи за тој што е најгоре на ранг листата, ако се одлучи за некој судија што е подолу на листата. Тогаш овој закон и овие одредби овде ни паѓаат во вода дека ќе се оди со избор по некоја ранг листа.

Тоа се дилемите кои навистина не можам да си ги објаснам и дојдов до заклучок дека овој закон навистина штрчи во одредени одредби и не кореспондира со целокупниот правен систем, не кореспондира во делови со Уставот и со другите закони кои се однесуваат на тоа и да напоменам, дури, користи термини кои веќе ги немаме во Уставот од типот "Републички судски совет" итн, меѓутоа, тоа е техничка работа и мислам дека ќе се разреши.

Од тие причини, како системски недобро поставен, за жал, јас не можам да го поддржам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, госпоѓо Лалчевска.

Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Сакам да кажам дека Законот за академија за обука на судии и јавни обвинители е еден од оние закони кои што во пакет со уставните амандмани оди во некој правец на интерпретација или во примена на она што значат уставните реформи што ги направивме, односно на некој начин да покажеме во практика како треба од сега натаму да се поистоветува судиската функција и функцијата на јавните обвинители.

Ако се сеќавате, почитувани колеги, кога расправавме по уставните амандмани, ние како пратеничка група се залагавме да има, во рамките на Уставот, амандман со кој ќе биде предвиден пробниот мандат како мандат со кој ќе се проверува на некој начин судската работа или можност преку практична работа да се дојде до квалитет на судиите, односно на таа професија. Тогаш бевме убедувани дека улогата на пробен мандат на некој начин ќе биде преземена односно префрлена во рамките на Законот за академија на судиите и јавните обвинители, со што преку обука на судиите ќе се дојде до целта што ја баравме.

Гледајќи го сега овој закон во овој текст, не сум многу убеден дека токму таа улога на обука што значи што подобар квалитет на судиите заради вршење што понепристрасно и постручно на нивната професија, дека со овој закон тоа ќе се постигне. Веднаш на почетокот морам да кажам дека целата насока, како што кажа и колешката Ристана Лалчевска, на овој закон во повеќе од половина членови е во правец на занимавање со организационата структура на академијата. Имено, какви органи ќе има, кои органи треба да бидат, зошто треба да бидат, кои се нивните надлежности итн, на што имавме многу забелешки, а она што е суштина - што со оваа академија, што ќе прави таа, како ќе обучува, кои се нејзините надлежности во тоа поле, со каков квалитет, што после тие обуки, дали после тоа ќе придонесе за усовршување на судиите итн, морам да признам дека со овој закон тоа не се постигнува. Ако пак и во тој дел се разгледа концептот на законот, најголемиот дел на членови или регулатива е во делот на почетната обука, обуката на оние кадри кои треба за прв пат да станат судии. Меѓутоа, сите ние забораваме еден клучен проблем. Дали некој од колегите - еве, тука е претставникот и на Владата - се прашал, односно дали се потсетил зошто на крајот на краиштата пристапивме кон уставни реформи, кои беа причините за тоа и зошто треба да го правиме овој пакет на закони. Ќе ве потсетам: прва причина укажана од сите експерти во Република Македонија, од сите странски да не ги наречам набљудувачи туку експерти е тоа што се зборува за неефикасно судство односно нестручна работа, неефикасна, спори процеси, корумпирано судство итн. Дали со еден ваков закон кој што во основа најмногу има регулатива, за почетната функција на судија, значи покрај сите оние работи што еден судија треба да ги заврши, факултетот, правосудниот испит, па сега и академија, 15

месеци обука, за тоа време 70% од платата на стручен соработник, па завршен испит, за на крајот да не добие или може да се случи да не добие ништо друго освен еден академски статус во Република Македонија. Бидејќи имаме многу академии, верувајте дека најмногу ќе имаме академски граѓани во Република Македонија затоа што во рамките или по словото на законот на некој начин ќе станат членови на академиите, но дали ќе станат судии, тоа е сосема друго прашање. Значи кај почетната обука имаме еден огромен филтер. Ако пак сега на тоа се додаде и амандманот на ДУИ, кој што го елиминира приемниот испит, го елиминира тестирањето на кандидатите кои се пријавуваат да станат членови на академијата, навистина ќе имаме огромен прилив на кандидати, затоа што немаме ниту еден посебен критериум, ниту една комисија која што ќе може да утврди дали секој кандидат заслужува да биде член на академијата. Тука ќе има еден масовен прилив. Затоа реков дека ефектот од овој закон ќе биде тоа што ќе имаме академски граѓани. Значи ќе имаме членови на академијата кои можеби ќе го завршат испитот и ќе положат, но дали ќе бидат судии, тоа ќе зависи од оној нов орган кој се нарекува државен односно Судски совет на Република Македонија. Добро и со право почитуваната колешка Лалчевска го постави прашањето кој ќе утврди овде колкав број е потребен за судии, колку судии во текот на годината треба да пополниме, за да знаеме колку кандидати треба да зачлениме во академијата. Тоа е многу дискутабилно и навистина интересно прашање што како дилема го постави колешката Лалчевска. Ако знаеме по кои критериуми се разрешуваат судиите, едниот услов е исполнувањето услови за старосна пензија, но многу побитниот е разрешување поради нестручно, несовесно итн работење. Кој може да предвиди колку такви судии ќе бидат разрешени, за да знаеме колку претходно да обучиме. Која е поентата на ова што го реков? Со овој закон премногу се насочуваме кон стартување на позицијата судија, значи првата работа, еден колега кој што ќе седне на тоа судиско столче од самиот почеток, него ќе го обучиме, ќе го контролираме, ќе направиме сто филтри за да стане судија. Но што правиме со оние што се сега судии? Многу малку е кажано во законот што со нив. За таквите судии има еден наслов кој вели "Постојано стручно усовршување". Ако со внимание ги погледнете членовите 42, 43 и 44, тоа се само три члена кои зборуваат токму за оваа проблематика, која според мене е една од најбитните во Република Македонија. Почитуван претседателе, почитувани колеги, ако ни дошол некој од надвор, како експерт, од меѓународната заедница, а по обичај ги слушаме за се и сешто затоа што таму тежнееме да одиме и ако ви каже: вашето судство е корумпирано, вашите судии недоволно стручни, вашите судии наместо да ја работат работата во рокот предвиден со закон, судските расправи се пролонгираат до немај каде. Заради сето тоа Македонија генерално има лошо судство, малку ефективно итн и заради тоа ќе мора да го смените Уставот, при што ќе кажете дека ќе ги отргнете политичките влијанија и се друго, само да ги натерате да работат поефикасно и поекономично. Ако Република Македонија согласно статистичките податоци можеби е на прво место по број на нерешени предмети или предмети кои стојат во фиока, повеќе од 200 илјади се само прекршочни дела, дали вие само со измена на вакви закони и контрола одите на воспоставување на правни рамки во делот на она што значи почетна позиција на судија, односно прво работно место судија, ќе го постигнеме ефектот. Јас и сега ќе ви кажам дека не е тука проблемот, проблемот е што со оние кадри за кои е јасно дека има одреден број на кои не им е местото таму. Треба ли меѓународниот фактор да ни кажува дека има судии кои не заслужуваат да бидат судии и дека заради тоа ни пишуваат црни листи, поради кои мораме да ги разрешуваме така како што ги разрешуваме.

Значи, ако во законот сме ставиле три члена кои се занимаваат со стручното оспособување на судиите, каде се тука нормите, каде се тука одредбите, како што го загатна тој проблем и Лалчевска, каде се тука одредбите со кои ќе го натерате прво судија да оди на стручно оспособување, каде се тука одредбите што ако не оди, каде се тука одредбите кога еве отишол ама ништо таму не покажал, ништо не разбрал, ништо не научил и што со тоа. Дали е битен квантитетот, односно дали е битно само да се појде таму и да се добие онаа потврда дека судијата бил на стручно оспособување или е битно што научил таму и дали тоа што го научил утре ќе го применува. Ние не можеме генерално за сите судии да велиме дека се сите со исти квалитет и сите ги "бива", бидејќи и таму како и секое жито треба да се просее. Ако имаше норми и ако имаше одредби во кои ќе се кажеше, како и за почетната обука, значи кај почетната обука имате завршен испит, сите оние почитувани колеги со положен правосуден испит што ќе дојдат на академија, кога ќе ја ислушаат истата 15 месеци, на крајот треба да полагалат завршен испит. Ако не го положат завршниот испит, ништо од таа обука и нема можност да се кандидира за судија. Додека постојните судии, оној што е до осум години - триесет дена, оној над осум години - педесет дена, е, многу за обука, меѓутоа, дури и тоа е доволно. Се поставува прашањето што ако на таа обука покаже минимум познавања, дали таа потврда некој освен што ќе ја достави до Судскиот совет заради тоа што ќе се каже дека лицето тоа и тоа, судија, бил 50 часа на обука, дали треба да се додаде и тоа дека таа или одредена комисија ќе треба да ги провери знаењата на постојните судии кои отишле на стручно оспособување. Така ќе имаме филтер, така ќе имаме ефект и сето она што го заговаравме, ако сакаме реформи - е, токму тука, почитуван заменик министер, токму тука почитувани колеги ние како пратеничка група не залудно зборувавме за пробниот мандат. Кога зборувавме за пробниот мандат, тој се

однесуваше на сите судии, и на оние кои прв пат ќе бидат избрани но и за сите други, затоа што со пробната работа која ја воведувавме во определен период на години, а која што можеше да биде со реизбор не знам поради што, на сите им дававме можност да се докажуваат. На сите им дававме можност да контролираме кој колку е способен, мислам не ние како Собрание туку оние органи кои во Уставот ги утврдивме. Да можеме да направиме филтер, тој на кој му е местото да биде судија да си биде, а тој на кој не му е местото да си оди од таму, затоа што факт е дека Република Македонија за сите овие години заради таквото судство, посочено од меѓународните фактори, е на ова дереџе на кое што е, покрај другите слабости.

Повторно ќе кажам, овој закон токму во тој дел и ме разочарува. Ме разочарува затоа што интенциите на сите оние трибини, на сите оние советувања каде што одевме и каде што ни доаѓаат од странски држави, ни укажуваат дека треба филтри на постојните судии и во самите судови, покрај за ново избраните треба да водиме сметка за што поголема стручност. Лесно е сега во законот за услови за кандидат на академијата да ставите одредба да познава еден од светските јазици, во првата фаза беше кажано "активно", сега не мора ни активно, но сепак стои да познава светски јазик. Јас не знам, почитуван претседателе, не верувам ни многу колеги овде да знаат, но ајде да се прашаме, бидејќи сепак некакво познавање имам од таа фела, колку судии со стаж над 20 години кои сега работат во судовите како судии познаваат светски јазик. Значи според тој критериум, тие треба да отпаднат, не треба ни да судат. А за еден млад кој што треба утре да почне да суди, за него бараме познавање на светски јазик. Значи немаме воедначен критериум и повторно ќе кажам, не е проблемот само во судиите кои ќе ги избереме прв пат, проблемот е и во другите судии, проблемот е и во они во Апелационен суд кои не ги избираме по прв пат, не засноваат тогаш работен однос туку само менуваат одредена повисока инстанца, проблем е и во Врховен суд итн. Не треба да значи ако е судија на Врховен суд, па никогаш не треба стручно да го оспособиме. Ајде да се прашаме колку од тие судии познаваат светски јазици, колку од нив знаат да уклучат компјутер итн. Не одиме ние во Европа само со младите судии кои прв пат влегуваат на работа, туку одиме со комплетно судство. Не ја добивме шлаканицата или жолтиот картон само за оние што не се вработени, туку за оние што се вработени во судството како судии.

Според мене, овој закон требаше да содржи одредби и не знам зошто не содржи кога беше укажано во првата фаза, тоа не ми е јасно. Имено, зошто е постојаното стручно оспособување на судиите независно колкав рок ќе биде тоа, зошто таму не се даде можност за одредена комисија составена од судии или професори, не е битно, оние судии кои ќе одат на стручно оспособување да не дадат барем, ако ништо друго, еден обичен писмен тест, да се провери она знаење што го стекнале со стручното оспособување, па на тој начин да направиме филтер, да дадеме можност со оправдани критериуми дали тој судија, покрај сето она друго што е земено предвид при неговата стручна работа, треба да продолжи понатаму или не. Инаку, залудно е само декларативно да кажеме дека ние некого сме оспособиле, отишол тој таму, се прошетал, ама ништо не научил, но сепак бил. Тоа е генерално, кога мислам дека најмногу внимание требаше да се посвети на она што сега го зборував.

Инаку, за жал, најмногу време овде потрошивме во делот кои органи, какви органи да има и зошто да има извршен директор, дури и коалиционите партнери тука особено ДУИ побараа пауза заради извршните директори. Тоа се несуштински работи и залудно сега да се кажува сето тоа, тоа го кажавме во амандманската расправа, а за она што е суштина на овој закон се посветува малку внимание. Мене ми е жал, почитуван претседателе, што оваа седница токму со оваа точка на дневен ред се одржува после празниците, имавме и многу други точки и закони на дневен ред кои барем мене лично не ми дадоа можност да можам да интервенирам амандмански за ова што сега го зборувам. Тоа не го сторивме, дури мислам дека амандманите немаше да бидат прифатени, но ова морав да го искажам како една забелешка. Се надевам дека овој закон како и многуте во Република Македонија ќе претрпи, откако ќе биде донесен, многу брзо измена и дополнување токму во овој дел за кој зборував. Само така ќе ја постигнеме целта, инаку се ќе биде "ветер во магла". Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Караџоски.

Господине Оровчанец, повелете, имате збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседател,

Јас се јавив за збор само за кратко, затоа што сметам дека ваквата форма на закон треба да се повлече и целата идеја да се разработи од еден поглобален аспект, од она што ние сакаме, кон што се стремиме и што треба да постигнеме. Истовремено, треба да бидеме внимателни и околу некои работи кои се случуваат во образованието, а тоа е Болоњскиот процес и изменетите стандарди на студии кои треба да бидат воведени кај нас за да стигнеме во некој пристоен рок до еден систем на стандарди и вредности, усогласено со она кон кое се стремиме, а тоа е Европската унија. Болоњската декларација и процедурата околу образованието е веќе процес кој навлезе во нашето образование и мислам дека таа шанса требаше овде да ја искористиме, односно Академијава вака како што се дефинира овде мислам дека е многу претенциозно формирана и дека на некој начин создава, да не речам, едно дилетанство во формирањето на кадар кој би требало да биде, со краен респект, судија, кој треба да биде врвот на таа кариера во таа независна власт.

Мислам дека требаше да се тргне од позиција на конкурентност и рамноправно учество на сите и функција на РСС како таков, кој што ќе ги селектира тие работи. Односно, според сегашниот систем, имаме завршен Правен факултет и правосуден испит, па после тоа прашање е на избор од страна на Парламентот, врз база на сугестија на РСС.

За да ја формираме независноста, се одлучивме да влијанието на изборот не биде во Парламентот, меѓутоа образованието, сепак требаше да подлегне во образовниот систем. Да се редефинира и да се усогласи што е тоа правосуден испит, а понатаму, бидејќи веќе нема да има класични докторати во образовниот систем, туку ќе има докторски студии, да има и докторски студии по одредени области од правниот систем, со кои што сите тие ќе можат, едноставно, да конкурираат за судии. А, РСС, врз база на критериуми што ќе бидат валидни, тоа ќе може да го регулира. Додека Академијата би била еден вид на помош и систем преку кој би имале континуирана едукација во сферата на првото и судството, каде што гледаме ова Собрание за четири години колку закони донесе. Па, кои судии можат да ги следат овие закони ако нема организирани принципи на колективно усогласување, прегледување на работите и пренесување на искуствата? Значи, ние влегуваме во еден страшно празен простор.

Понатаму, преку Академијата, ќе можат да се објавуваат стручни трудови итн., искуства на одредени судии и сето тоа за континуирана надградба. А, за да нема пробем мандат, меѓутоа да има квалитет, сите тие дејствија на судиите ќе мора да бидат легализирани во еден период. Може да биде на 7, на 10, не знам, не е ни битно на колку години, да РСС, врз база на сите тие портфолија што ги има за секој судија, определи дали тој совесно, правилно, стручно ја извршува својата работа.

Значи, од независноста, со неопределениот мандат, ние направивме уште една фарса, и мислам дека оваа постапка погрешно ја водиме. Јас се согласувам, доколку овој закон на овој начин го изгласаме, дека овој закон ќе биде првиот кој ќе мора да претрпи коренити промени, затоа што и во образовниот систем и во целиот друг систем на избори итн., гледаме дека има премногу тесни грла и една претенциозност да една Академија со 15 месеци, што би бил обичен курс во секој образовен систем, да претендираат како врвна академска наобразба.

Поради тоа, сметам дека овој закон не заслжува ниту да се гласа, а би било пожелно Владата да го повлече овој закон и изгради многу поконзистентен систем за да имаме судии кои ги посакуваме да ги имаме и да имаме судство какво што посакуваме да имаме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Ќахил повелете, имате збор.

**Аднан Ќахил:** Почитуван претседателе, почитуван заменик министре, почитувани заменици,

Денеска имаме Предлог на закон за академија за обука на судии и јавни обвинители, инаку во втора, во завршна фаза. Денеска, на оваа пленарна седница само ќе ги повторам моите ставови што ги дадов и во првата фаза, а кои што очигледно не беа прифатени.

На почеток ќе кажам во целина, иако како закон прави еден исчекор напред да се организираат работите во врска со судиите, за што во втората фаза ќе кажам неколку работи, зошто сметам дека тоа не треба така да биде, е добро, но не е добро, да се формулира дека се прави Академија за судии и обвинители, а јас поставив прашање зошто не и за јавни правобранители, народниот правобранител, адвокати итн. Ми се одговори дека Народниот правобранител бил државен службеник, а овие наводно не биле, иако таа класификација е нешто помеѓу, се менува од ден на ден. Сметам дека овој закон треба да се повлече, да се доработи, да се направи еден суштински закон во рамките на Европска унија, каде што очигледно нешто такво постои, но сигурно убеден сум дека Академија за обука на судии, обвинители, никаде ваква дефиниција не постои.

Ќе почнам од почеток за една работа што во разговор што еден судија ми кажа дека судиите понекогаш имаат тежок избор. Се согласувам. Треба да одлучуваат помеѓу доброто и лошото, помеѓу ослободувањето и затворањето на некого, ќе се обвини некој да биде виновен или должен. Сигурно, тежината на тие судии е многу голема. Апсолутно се согласувам.

Но, со овие измени тука, вие, очигледно сакате да направите егал, еднаквост на судиите. Тоа значи дека тие кои буквално седат дома судии, гледаат телевизија, не се едуцираат и самоедуцираат, не се подготвени за пазарно конкурирање, ги ставаме во иста категорија со судии кои секој ден работат, се едуцираат, самоедуцираат и стануваат се подобри и подобри во својата бранша. Па сега, ајде да видиме, тие судии треба да се едуцираат на еднаков или различен начин, затоа што едноставно сакаме да имаме судиски систем што е добар.

Судискиот систем во една држава зависи од правниот систем. Зависи од законите, од применливоста на законите, од сета атмосфера што се создава во државата. Не зависи само од едни луѓе. Очигледно дека во последно време многу често се користи категоријата Европска унија, Меѓународната заедница, се дава најцрна, најлоша слика за судијата, за судството во Република Македонија .

Ќе прашате дали тие придонеле? Можеби и судиите се една алка од таа карика, но сите ние сме придонеле како граѓани во системот, во Парламентот, во Владата за таа работа. Често пати знаеме дека во Македонија, во некои делови се применуваат законите, во други делови не се

применуваат. За едно исто дело за кое што се пропишани слични или некои такви казни, некаде се добиваат ослободителни пресуди, некаде не се добиваат ослободителни пресуди итн. итн. Имаме разноликост, шареноликост во решенијата.

Во овој дел од законот, очигедно се прави мешање во ингеренциите на образовниот систем во Република Македонија. Некој ќе каже дека можеби нема многу допирни точки со образовниот систем. Но, јас ќе покажам и докажам дека навистина има и би требало да има допирни точки, за да не заборавиме дека ние, како држава сме потписници на Болоњската конвенција, потписници на еден нов начин на работа со студентите, што се нарекува кредит трансфер систем во образованието, каде што по дефиниција се вели дека треба тој трансфер систем да биде компатибилен со Европска унија и со светот, со пазарот на трудот и потребите на транзиционата економија и на пазарната економија.

Се прашувам, ако е одено во таа насока, апсолутно создавање на ваква академија оди во спротивна насока. И, се оди до тоа, како што кажав, судија вели - аха, треба да биде пристебен судија, треба да биде во својство на својата задача кога треба да одлучува помеѓу слобода и затворање на некого кој направил инкриминирано дело и затоа се носат одлуките во тој момент. За тоа треба да се формира академија каде што ќе се едуцираат судиите да дојде во што помала мерка начинот на правото на одлучување или одлучувањето да биде својствено на делото за кое што треба да се одлучува.

Јас имам контра одговори и на тоа. Ако е тоа многу важно, па тогаш е важно и за лекарите. Лекарите за една секунда треба да одлучат дали треба да направат една интервенција или не. Па, не сме формирале академија за лекари. Исто така и за спортисти, кои, за да добијат високи резултати треба да скокаат, да прават дејствија од кои што зависат рекордите но и нивните животи, но пак не сме направиле академија за спортисти.

На крајот на краиштата сме прифатиле да имаме пазарна економија, каде што конкурентноста е најважна работа. Јас не гледам каде е тука конкурентноста. Апсолутно, секој си има обврска да се едуцира и да биде конкурентен на свој начин.. .

**Љупчо Јордановски:** Господине Аднан Ќахил,

Ова што вие го зборувате е првата фаза, за потребата од ваков закон. Ние сега имаме закон, со членови и ве молам првата дигресија ја потрошивте, вратете се назад на текстот на законот.

**Аднан Ќахил:** Колку што знам претседателе, јас не излегов од рамките на овој закон. На почетокот кажав дека и во првата фаза сугерирав и сега само ги повторувам оние работи што не се прифатени. . .

**Љупчо Јордановски:** Очигледно Владата не ве разбрала доволно. Сега сме на текстот на законот и не можеме да дискутираме за потребата од ваков закон.

**Аднан Ќахил:** Зошто да не може?

**Љупчо Јордановски:** Па не може, затоа што првата дигресија ја потрошивте имате уште два. Повелете.

**Аднан Ќахил:** Добро, сега вие гледате на таксиметар или на секунди . . .

**Љупчо Јордановски:** Видете, има друга опција, да ви го одземам зборот. . .

**Аднан Ќахил:** Можете да ми го одземете зборот. Тоа го покажува вашето ниво на демократија колкаво е. Можете да ми го одземете зборот кога сакате.

**Љупчо Јордановски:** Демократија не е и хаос.

Се извинувам, повелете.

**Аднан Ќахил:** И во хаосот постои законитост. Вие како природњак би требало да знаете дека и во хаосот постои законитост. Теоријата на хаосот би требало да ја знаете подобро од мене.

Што се однесува до тоа дали овој закон треба да помине втора фаза, јас пак предлагам дека треба да се повлече, да се доработи, затоа што овој закон, очигледно, не дава решенија што очигледно би требало да ги даде некој друг закон. Затоа што ние и во законот тука вели дека во членот 48 "Академијата за обука на судии и обвинители претставува правен следбеник на Центарот за континуирана едукација при Здружението на судии на Република Македонија". Значи е правен следбеник на еден центар. Постоел таков центар за едукациија на судиите, па јас поставувам прашање ако е правен следбеник, прашањето е дали тој центар ќе згасне? За тоа што според Законот за здруженија на граѓани пет судии можат да основат таков центар и да почнат со работа. Дали тоа значи дека ќе имаме паралелизам во едукација на судиите, на обвинители, на начин како што е пропишано во закон?

Но, очигедно тоа не се прави. Мислам дека во првата фаза, пак ќе повторам, ги дадов моите сугестии тоа не е прифатено, очигледно Владата си тера по својот терк. Во втората фаза имавме дискусии по комисиите, во Комисијата имаше добронамерни укажувања. Ова е најдобро намерно да се повлече законот, да едноставно имаме закон што ќе биде компактибилен со законите од Европска унија.

За тоа ќе кажам неколку мои забелешки по однос на членовите што ги имаме во законот и тие забелешки ќе кажат доволно зошто законот треба да се повлече.

Вели вака во членот 2: Основна цел на академијата е да обезбеди компетентно, професионално, независно и непристрасно ефикасно вршење на судската практика".

Почитувани колеги,

Сигурен сум дека можеби оваа академија ќе направи професионално да се оспособат судиите. Но, независно и непристрасно судење не зависи

од академијата, апсолутно. Дали еден судија ќе биде независен, непристсрасен апсолутно не зависи од тоа колку и на кој начин ќе биде едуциран. Може да имаме највисок с тепен на едукација, оваа академија да биде "најдобра академија", но очигледно може и тогаш да имаме пристрасно судење и да биде судијата независен. Професионално да. Ако мислите дека со академијата ќе се постигне тоа, јас сум убеден дека не може да се постигне со оваа академија.

Во членот 6 вели: "Организира и спроведува обука на едукатори". Тоа значи дека имаме ситуација каде едукаторите ќе ги едуцираат едукаторите. Во оваа фаза, кога е очигледно дека судството е на најниски гранки, ќе треба да ги едуцираат луѓето кои ќе треба да бидат судии. Како тоа ќе се изведе, навистина не знам. А, многу е битно и во Законот никаде, апсолутно никаде не провејува или едноставно нема линк со Правниот факултет или правната струка во Република Македонија. Никаде, апсолутно никаде. Очигледно дека со овој закон се преферира паралелен систем на образование или паралелно затворање во еден еснаф за судии обвинители или, едноставно, да тие судии утре што ќе дојдаст и што би требало да го поминат тој курс да бидаст на некој начин диригирани или едноставно преку оваа академија.

Она што е битно во членот 6, вели "издава публикации и врши друга издавачка дејност за свои потреби". За свои потреби можеби, таа има потреба, да се направи издавачка дејност каде ќе издава брошури од сферата на правото, судството или обвинителството, но мислам сепак дека е доста дискутабилно.

Тука ќе застанам и ќе кажам два-три зборови во однос на друг паралелен систем, каде што би требало, пандан на оваа да се формира таква академија. Еве, во сферата на финансиите често имаме измени. Баш денеска имаме седум закони што се менуваат од сферата на финансиите. Во даночната постапка, во извршната постапка итн., итн. Но, никаде ние не формираме академија за луѓе кои работат во таа сфера или во даночната сфера и тие измени на законите често пати знаат по пазарни услови, од пазарни законитости да ги организираат семинарите, ако не други организации кои се бават со таа работа, организираат семинари, за измени и дополнувања на законите и оние кои се заинтересирани да работат, кои се интересираат за својата струка, за својот еснаф едноставно се пријавуваат на семинарите, се едуцираат и самоедуцираат. Според пазарните услови оние кои најдобро ја познаваат работата ќе бидат избрани од страна на луѓето или фирмите да ги водат нивните книговодствени услови и финансиско консултативни услуги. Тоа се прави на тој начин.

Овде, ако тоа е идејата да тоа што се менува секој ден, во една година, од правно-политички аспект работиве во Собранието и понатаму во правната научна сфера, за да фатат чекор, едноставно мислам дека судиите и обвинителите имаат обврска да се самоедуцираат, да бидат дел од таа конкурентност.

Потоа, овде имам една забелешка во врска со членот 7, каде што се наведува дека органи на академијата се управниот одбор, директор, извршен директор и програмски совет. Нема да зборувам, зборуваа моите колеги, ке кажам само кратко дека доколку има директор и извршен директор е дуплирање на функциите, едноставно, ако Академијата е замислена како установа каде што треба да се едуцира во определени фази, во кратки временски интервали за судиите или тие кои се стремат за судии или јавни обвинители, мислам дека директорот е доволен, бидејќи имаме програмски совет и управен одбор. Ова би било пандан на еден факултет што има декан и извршен декан итн. Такво нешто не постои.

Членот 8 е доста контрадикторен член, ставот 2, "Членови на Управниот одбор по функција се претседателот на РСС, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, и министерот за правда". Па потоа, во членот 9 има дека се избира претседател на Управниот одбор, кој може и како може да се избере претседател на Управниот одбор. Може да се случи, иако тука во еден член се дава дека освен министерот и претседателот на Врховниот суд не можат да бидаст избрани на управувачка функција, никој не спори дека утре или ззадутре не може да се промени во овој член и да може исто така министерот за правда да биде избран за директор или управител на оваа институција.

Посебно зошто двојност на функции или овде исто се критикуваа луѓе кои вршат двојност на функции, како може по Законот за Влада и Законот за државни службеници да имаме двојност на функции, каде што очигледно сме во ситуација да е и министерот тука и врховен судија и судскиот совет и сите да бидат управители. Значи по функција.

Ако веќе сакаме објективност, би т ребало сите овие функции да бидат изземни од управувањето. Едноставно да се направи судиски еснаф или обвинителски еснаф каде што ќе дојде до израз, стручноста, компетентноста и знаењето. Не по вокација, да се знае ако е министер, дека најдобро ја знае правната практика или е најдобар во правосудството или по обвинителството, или пак ако станал врховен судија или претседател на СС дека е апсолутно најдобар судија и најдобро ги познава работите.

Мислам дека за управувачи на ваквите институции би требало да се изберат луѓе од еснафот кои навистина покажале резултати врз основа на објективни критериуми и тие да ги водат овие работи. Овде, со закон тоа за некого се легализира.

Потоа, во членот 9 пасусот каде што вели управува со имотот на Академијата, па луѓе основач на академијата е Владата, ако има основач, како може академија да има свој имот, за каков имот зборуваме? Тоа значи дека ќе

нагомила имот, па после можеме таа институција да ја приватизираме, како што правевме приватизација на други институции. Ако во даден временски интервал, ако во даден момент тоа можеби и можело, имавме прод од еден систем во друг мислам дека во сегашни услови да се направи ова, да се формира академија, најдеме за потребно и да дозволиме да има имот академијата, мислам дека тоа е голем знак на прашалник.

(Реакција на господинот Јани Макрадули). Добро, ако мислиш за столчиња во ред, се сложувам, столчиња мора да има, ама под имот се подразбира и зграда и земјиште и кола и пари и се. Тоа стои тука, а ако е за столчиња се согласувам, имот она што е за секој на работа, сигурно, ама знаете имот даваме, но се заборава дека и основачот има обврска да ја опремува таа институција. Се знае чиј е имотот и кој е газда. Но, нејсе, ќе го видиме тоа понатаму како ќе биде.

Потоа, има уште неколку забелешки во врска со мандатот на директорот, каде што директорот се избира на 4 години, а извршниот директор на 5 години. Беше образложено дека за да има континуитет, ако даде оставка директорот, па извршниот директор да продолжи. Јас прашувам ако даде оставка извршниот директор, па што ќе остане на директорот. Има ситуација каде што едноставно имаме дисхармонија во однос на овие работи.

Она што би сакал да кажам во врска со ова најважна работа е во членот 43 "Правото и обврската на постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите се остварува во Академијата, во зависност од нивниот стаж". Мислам дека ова е многу лоша дефиниција и вели вака, став 2 "времетраењето на стручното усовршување на судиите до 8 години стаж е 50 часа во текот на годината, ако е над 8 години 30 часа, а ако е 15 години..." Луѓе, па ние ако велиме дека треба да ги усовршуваме судиите, зошто е битен стажот? Значи, тој што има 15 години стаж ќе биде подобар судија, па му треба помалку време. Ако е тоа така, тогаш мислам дека единствен критериум се постигнатите резултати при тестирањата. Тој може да е со 5 години стаж студиски да има подобри услови, подобри резултати од тој што има 20 години стаж. Тогаш, која е смислата на Академијата ако вие вака го наведувате. Демек, имаме 20 години стаж и има потреба од помалку едуцирање, а тој што има 8 години има повеќе потреба од едуцирање. Можеби, но не е правило, а ние тоа со закон го правиме како правило. Јас мислам дека ако се прават тестирања, ќе се покаже, како што и често пати се покажувало дека тој судија што се едуцирал или само се едуцирал, учествувал на семинари, учествувал на програмски совети, учествувал секаде, ќе има можеби подобри резултати во однос на другите. И, тоа мислам дека е лошо решение и дека треба едноставно да имаме единствен критериум, а тоа е квалитетот на тестирањето што треба да се спроведе. Имаше една ситуација каде што во член 45 вели "Квалификациониот тест е писмен и анонимен", тоа како ќе се изведува не знам, бидејќи треба односно таа анонимност се провлекува и понатаму при полагање на испити, секаде е анонимен. Но, сме сведоци и по Болоњската конвенција дека при студирањето се бара поголема транспарентност при полагање на испити. Е, сега, за студенти бараме транспарентност за тие професори, а сега тука имаме ситуација дека овој треба да биде анонимен. Мислам дека ова апсолутно не иде и не е добро и она што е битно вика "кандидатите што постигнале највисоки оцени на квалификациониот тест и тоа двајца кандидати за едно слободно место, се стекнуваат со право да полагаат приемен испит. Двајца кандидати на едно место кој определува колку места ќе има, кој определува за двајца, а ако е двајца, зошто не и тројца. Кои се критериумите за двајца, тоа јас го прашувам. Ако не двајца, туку петмина имаат исти резултати, дали ќе ги бираме по бојата на очите, по партиска припадност, по висина, како ќе го направиме тоа. Или, едноставно тоа ќе биде ад хок решение кое очигледно ќе ја доведе во прашање објективноста и бирањето на луѓето кои ќе бидат непристрасни или ќе бидат соодветни судии во рамките на Република Македонија. Тука се вели вака "Приемниот испит се состои од писмен и усмен дел со интервју". Тој член не постои, но дел од него постои. Постои за интервју, како не. Добро, ќе провериме и ќе видиме дали е така. (Повторно на оваа реченица реагираше господинот Јани Макрадули).

Потоа, во член 41 "по успешното завршување на почетната обука, лицето се стекнува со својство на кандидат за судија односно кандидат за обвинител и му се издава уверение". Значи, ако е академија, дали се работи за уверение и дали нема да му се издаде и диплома нему. Тоа е прашање што треба да се реши во врска со уверението. Мислам дека уверението не е доволен документ за тоа и не кореспондира на она што се сака да се направи да се постигне Академија за независност на судството.

На крај, во образложението велите, пак ќе повторам "заради обезбедување претпоставки за стручно, совесно и независност во вршењето на судиската функција предвидени се повеќе активности во процесот на создавање на систем на иницијална и унапредување на систем на континуирана обука на судиите". Пак ќе повторам, тука е битно стручно да, тоа сигурно ќе се постигне, но совесно и независно вршење на дејноста сигурно со Академијата не може да се постигне. За да бидат судиите и совесни и стручни и независни, сигурно треба да има систем на континуирано едуцирање. Сигурно Академијата како академија, како што се планира сега вака тоа можеби ќе обезбеди, но тоа не треба да биде Академија, бидејќи е паралелен систем на образование. За да бидат судиите независни и совесно да работат, треба апсолутно и соодветно да бидат наградувани. Во оваа ситуација каде што судиите многу лошо се наградувани, мислам

дека тоа не е можно да се постигне. Ако е целта на оваа Академија или системот за континуирано едуцирање, да создадеме таков систем, мислам дека нема да се постигне.

На крај, едноставно мислам дека немаше потреба да се направи Академија, дека имаше Центар за континуирана едукација на судиите при судиската организација и плус она што е со Болоњската конвенција, се воведуваат и докторски студии. Ако сакавме да имаме и научен и стручен пристап кон оваа проблематика, требаше во рамките на Правниот факултет во договор со Министерството за правда, со Собранието и со еснафот што на тоа се преферира, да се направи систем за докторски и постдокторски студии, каде што оние кои што се сметаат себе си за најдобри и оние кои сакаат да бидат едуцирани и сакаат да фатат чекор со модерното светско судско вршење на таа дејност, треба да се пријават и тие да бидат избрани. Не е прифатливо со сила на закон да ги тераме сите судии да бидат подеднакви, да ги тераме судиите сега да учат англиски, да ги тераме сега да учат компјутери, ако тоа тие не го сакаат. Едноставно, тој тоа треба да го сака, да се самоедуцира и ние како држава мораме да им обезбедиме услови во разни сфери да можат тие своето знаење да го усовршат. Сепак, објективноста за нивната работа се докажува преку нивната работа. Колку се судии и кои судии се најдобри, се покажува преку нивната работа. Колку ќе има тела, колку ќе има судски постапки, колку од нивните судски постапки ќе бидат позитивни или негативни, колку во втора фаза се враќаат или не се враќаат, колку се успешни во судската практика, тоа треба да бидат критериуми за еден судија да се унапредува и да оди напред или не. Не можеме и не би требало сите судии да ги ставиме во ист ранг. Мислам дека концептуално овој закон не го овозможува тоа. Овој закон ќе овозможи да се затворат судиите и судскиот систем во една чаура и да се гетоизираат и мислам дека тоа не би требало да се дозволи во време кога Македонија има амбиција да влезе во Европската унија. Сигурно, треба да помогнеме на судството и на судиите, на обвинителите да се едуцираат, но тоа можеме да го направиме со системски решенија, а не со адхок решенија и тоа треба да го направиме со подобрување на нивната материјална положба и на судиите и на судството. Само на тој начин ќе имаме независно, непристрасно и совесно судство и совесни судии, а за стручност на судиите ќе треба да се потрудат и тие и државата и системот во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Ќахил.

Три минути реплика за пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпреседателе,

Делумно нека биде и како процедурално, но јас знам дека влегуваме во период на изборна година и во предизборна кампања, меѓутоа не мислам дека ефикасноста на работата на Собранието треба да ја злоупотребуваме со дискусии кои што апсолутно не соодвествуваат за она што е тема денес.

Прво, велиме дека или најмногу дел потрошивме денес во дискусиите говорејќи по текстот за потребата од донесување на овој закон за кој што одамна сме се изјасниле во ова Собрание гласно.

Второ, се повикуваме на Европската комисија, а не знаеме дека или не сакаме да прочитаме дека Комитетот на министри на Советот на Европа во 2003 година дал препораки за формирање на самостојна институција со сопствен буџет кој што ќе се грижи за обуката на судиите. И, она што е капак на се, голем дел потрошивме во дискусии овде за членови што со амандманите ги тргнавме.

И, сега би апелирал или би ве замолил до пратениците и до вас како претседавач на седницата да се држиме до текстот на законот и за тоа да дискутираме, да носиме навистина закони ако ни е целта Европската унија. Ако сакаме сега да го потрошиме времето овде, тогаш кажете можеме и други работи да правиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеникот Ќахил Аднан.

Повелете господине Ќахил Аднан.

**Аднан Ќахил:** Очигледно е дека господинот Јани Макрадули е во предизборна кампања и веќе почнува и сака да наметне став дека јас нема да размислувам и да зборувам како што јас мислам, туку само тој како што размислува дека тоа е правилно. Европската комисија во 2003 година дала препорака да се формира ваква институција, ама никаде од тие препораки не вика дека треба да се направи академија. Тоа е кога ќе биде паралелен систем на образование.

Што се однесува до амандманите, сигурно јас се извинувам, на еден амандман јас сум направил пропуст, но правејќи пропуст во еден амандман, кој пропуст јас го прифаќам, не направив пропуст да пропуштам цел закон кој не е компактибилен ниту во системот во Македонија, ниту во европскиот систем. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Збор има пратеникот Стојановски Блаже.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Благодарам господине Најдовски.

Јас се надевам дека логиката за донесување на вакви закони во две фази треба да биде една расправа која што се води по текстот на Предлогот за донесување на закон во првата фаза за потоа кога ќе дојде предлогот на законот пред ова Собрание, да имаме еден текст во кој што ќе бидат уважени забелешките кои што ги дава и стручната јавност по однос на ова прашање и сето тоа да биде компатибилно и во контекстот на целината на работите кои што се

однесуваат на целите кои што треба да се постигнат со овој закон. А, тоа претставува реформите во правосудниот систем, во судската власт кој што треба да бидат спроведени врз основа на уставните амандмани кој што ги изгласавме во ова Собрание. Сите знаеме како се одвиваше таа работа и знаеме дека овој закон за Академија за обука на судии и јавни обвинители треба да биде во контекст на крупните реформи кои што треба да бидат реализирани во судството.

Меѓутоа, она што го добивме во втора фаза, буквално не се разликува во ништо од она што го имавме во првата фаза односно ги имаме сосема истите решенија, сосема истите пропусти кои што ги направило Министерството за правда како овластен предлагач од страна на Владата и воопшто не се земени предвид сите оние наши укажувања во поглед на подобрувањето на решенијата предложени во овој закон.

Да почниме со ред, целта која што треба да се постигне со донесувањето на овој закон е да обезбеди компетентно, професионално, независно, непристрасно и ефикасно вршење на судиската и обвинителската функција преку селекција, организирање и спроведување на почетна обука на кандидатите за судии и обвинители и постојано стручно усовршување на судиите и обвинителите и судиските и обвинителските службеници. Тоа е членот 2 од овој закон, кој што претставува цел која што треба да се постигне преку донесувањето на овој закон. Значи, за да може некој да обезбеди селекција на кандидатите за судии и јавни обвинители, потоа да организира и спроведе на обука на кандидатите за судии и обвинители и постојано стручно да ги усовршува постојните јавни обвинители, постојните судии, сметам дека треба да има едно ниво кое што ќе биде неспорно и кое што нема да биде во зависност ниту од политичките влијанија, ниту од било какви други влијанија кои што ќе значат можност за злоупотреба на позицијата која што ја има посебно основниот орган кој што раководи со Академијата за обука на судии и јавни обвинители, а тоа е Управниот одбор. Затоа, јас сакам да се задржам, пред се, на структурата на овој орган, за кој што јас зборував и претходниот пат, а тука е и стенограмот во кој буквално е наведено се она што претставуваше пропуст во првата фаза, а во втората фаза добивме ист текст каков што беше во првата фаза.

Значи, согласно членот 8 од овој закон, Управниот одбор е орган на управување на Академијата и го сочинуваат 11 членови.

Точката 2 вели дека тоа се членови по функција. Значи, членови на Управниот одбор по функција се претседателот на Републичкиот судски совет, ова е уште оставено терминолошки онака како што беше и до сега, затоа што со уставните амандмани Републички судски совет не постои, туку постои Судски совет. Понатаму, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, јавниот обвинител на Република Македонија и министерот за правда. Овде веднаш се поставува прашањето дали ние со ова решение кое што ќе го усвоиме како Парламент го отстрануваме претседателот на Врховниот суд од можноста да биде претседател на ова тело. Затоа, не може претседателот на Врховниот суд да биде наведен и како член на Управниот одбор, а истовремено претседателот на Судскиот совет, кој што се формира или треба да се формира согласно уставните амандмани, се уште нема решение кој ќе биде претседател на тоа тело.

Значи, ние со овој закон велиме и тука одлучуваме дека претседателот на Судскиот совет или Државниот судски совет, не може да биде претседателот на Врховниот суд. Јас се согласувам со ова решение, меѓутоа ако веќе е така донесено решението, тогаш така и да биде објаснето и на дециден начин да биде утврдено и решено прашањето околу претседателот на Управниот одбор на оваа Академија.

Понатаму, од 11 членови на овој управен одбор кој што има огромни надлежности и ингеренции за кои што подоцна ќе кажам од 11 членови овие четворица за кои што зборувам, претседателот на Републичкиот судски совет во овој момент е Републички судски совет, и тоа е прашање кое што ќе треба подоцна да се реши со законите кои што треба да се донесат, посебно законот за судски совет кој што треба да се донесе врз основа на уставните амандмани кои што беа усвоени. Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија е господинот Дане Илиев кој што беше избран тука со 43 или 44 гласа, ако се сеќавам добро, и кој што на овој начин беше избран по предлог на Републичкиот судски совет изгласан од страна на ова Собрание. Потоа, Јавниот обвинител на Република Македонија, кој што исто така беше предложен од страна на Владата на Република Македонија и изгласан од ова Собрание тоа е господинот Александар Прчевски и министерот за правда госпоѓата Мери Младеновска - Ѓорѓиевска. Значи четворица од овие членови ние веќе ги имаме како имиња и презимиња, тие треба да бидат еден значаен дел од составот на Управниот одбор на Академијата.

Понатаму, Врховниот суд на Република Македонија на општа седница назначува двајца членови во Управниот одбор, од кои еден судија на Врховниот суд на Република Македонија и еден судија од пониските судови, како и нивни заменици. Тука, нема апсолутно никакви критериуми врз основа на кои што ќе се води Врховниот суд. Затоа што, ако претседателот на Врховниот суд на Република Македонија е согласно на овој закон член на Управниот одбор на Академијата, тогаш се поставува прашањето зошто уште еден судија на Врховниот суд се именува, а не се именуваат судии кои што ќе ги претставуваат проблемите или кои што ќе ги претставуваат судиите кои се дел од апелационите судови или судиите кои се од редовите на основните судови. Значи, ако веќе треба да биде поставеноста на судството обезбедена на сите негови инстанци,

тогаш сметам дека како претставник на Врховниот суд на Република Македонија, сосема е доволно тоа да биде претседателот на Врховниот суд, а од друга страна апелационите и основните судови да бидат застапени со по еден претставник во управниот одбор на оваа Академија.

Потоа, во точката 4 стои дека колегиумот на Јавното обвинителство, јас не знам, тука е заменик министерот, би го прашал, кој субјект е овој колегиум на Јавното обвинителство? Од каде го црпите тој субјективитет на колегиумот, затоа што колегиум како тело, како орган, не постои. Постои државен Републички јавен обвинител. И ако веќе сакате на овој начин да се презентира Јавното обвинителство во составот на Управниот одбор на Академијата, тогаш можете да наведете дека Државниот јавен обвинител именува уште еден, затоа што факт е дека во Јавното обвинителство е застапен принципот на хиерархија и субординација, а и во самиот Устав на Република Македонија се зборува за јавен обвинител. Значи, остнатите како што знаете и самите претставуваат заменици на јавниот обвинител, или основни и јавни обвинители кои што произлегуваат од редовите на замениците. Значи, на овој начин како што е дефинирано во овој закон не се водело сметка воопшто да се покаже кој е тој кој што ќе ја носи одговорноста и кој е тој кој што ќе води сметка за лицето кое што ќе ги застапува интересите на сите заменици јавни обвинители, затоа што државниот јавен обвинител е согласно точката 2 од овој член, член на Управниот одбор на Академијата.

Понатаму зборуваме за уште еден претставник од редот на пониските јавни обвинителства. Кои се тие пониски јавни обвинителства, затоа што едно е Јавното обвинителство на Република Македонија е единствен орган, самостоен орган и не може да има пониски и повисоки јавни обвинителства, туку постои едно Јавно обвинителство на Република Македонија. И ова само покажува дека при подготовката на овој закон апсолутно не се водело сметка за почитување на основните уставни решенија кои што ги има во Република Македонија. Да не зборувам за сето она што претставува прецизирање на одредбите и на решенијата кои што треба да значат, не треба да доведат до било каков сомнеж околу толкувањето на решенијата предвидени во овој закон.

Понатаму одиме со Здружението на судии на Република Македонија и Здружението на јавни обвинители. Стои дека Здружението на судии на Република Македонија и Здружението на јавни обвинители на Република Македонија назначуваат по еден член во Управниот одбор и нивни заменици. Дали Здружението на судии претставува орган кој што ги штити интересите на судиите на различен начин и може да биде претставено преку судии, или може да биде претставено и преку лица вработени во овие органи, затоа што во одредбите на овој закон кои што се однесуваат на можноста за престанок на мандатот на член на Управниот одбор пред истекот на времето за кое е назначен стои дека тоа може да се случи не само ако му престане функцијата, затоа што знаеме дека судиската функција е функција, јавно обвинителската функција е функција. Меѓутоа, тука стои: или работниот однос во органот што го назначува. Дали ова значи дека Здружението на судии, вака како што стои нема огранич!ување и тоа е сосема можно, може да именува лице кое што е вработено во Здружението на судии, во неговите служби и на тој начин тоа да биде лице член на Управниот одбор на Академијата. Сметам дека издвојувањето на Здружението на судии како посебен субјект во предлагањето на член на Управниот одбор и Здружението на јавни обвинители, исто така, за уште еден член на Управниот одбор дефинитивно ја дислоцира целта која што треба да се постигне, а тоа е што поголема застапеност на квалитетни судии и јавни обвинители кои што ќе можат да вршат стручна едукација на постојните судии и јавни обвинители. Јас не знам како е можно на овој начин Управниот одбор да биде составен од лица за кои што не се утврдени критериуми кои можат да бидат, туку само е утврдено кој треба да ги предложи, или кој треба да ги именува, или кои се по функција. Функцијата секако претседател на Врховен суд, на Судски совет, на државен обвинител на Република Македонија, навистина се тие функции околу кои што, и министерот за правда како што е тука наведено, околу кои што нема дискусија, затоа што тие по хиерархија се највисоки функции. Меѓутоа, околу оние претставници на судиите и јавните обвинители кои што треба да бидат во Управниот одбор на Академијата, дефинитивно подготвувачите, или оние кои што го конципирале овој закон ја промашиле целта која што треба да биде постигната со овој закон.

И, за да биде политизацијата на овој орган, или политичката подобност заокружена во точката 7 стои дека министерот за правда на Република Македонија, значи покрај неговото членување како министер за правда , претставник на Владата, на ресорното министерство,може во Управниот одбор да назначи уште еден член и негов заменик од редот на државните службеници на Министерството за правда. Дали ова ќе значи дека секој нов министер за правда ќе си именува свој член во Управниот одбор, затоа што свесни сме дека одлуките се носат со мнозинство гласови од вкупниот број членови и на тој начин битката во Управниот одбор нема да биде околу тоа како да се подобри квалитетот на едукацијата која што треба да ја врши Академијата, туку кој ќе има мнозинство во Управниот одбор со цел да може да постави свој директор, свој програмски совет, или да може да влијае врз работењето и врз приемот на лица кои што ќе треба да бидат едуцирани во оваа Академија. Затоа сметам дека членот 8 онака како што е предложен, онака како што стои во овој закон и онака како што стоеше во првичниот предлог, во првата фаза на овој закон е целосно погрешно решение. Ако ги земеме бројноста 11 членови на Управниот одбор на Академијата, сакам за да биде по јасно и за сите

вас и за јавноста во Република Македонија која што не следи, да искажам јасно кои се тие 11 членови. Значи, претседателот на Републичкиот судски совет, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. јавниот обвинител на Република Македонија , министерот за правда. Потоа уште двајца членови од страна на Врховниот суд, тоа се 6, колегиумот на Јавното обвинителство, еден член, тоа е 7, Советот на обвинители уште 1 член, тоа е 8, Здружението на судии 9, Здружението на јавни обвинители уште 1 член 10, и министерот за правда именува уште еден член кој што го комплетира составот на Управниот одбор на Академијата за обука на судии и обвинители во Република Македонија.

Овие 11 лица што треба да прават?

Прво, го избираат претседателот на Управниот одбор, именуваат и разрешуваат директор и извршен директор, назначуваат членови на програмскиот совет, конституираат комисија за квалификација и прием на кандидати и комисија за завршен испит, утврдува листа на постојани и повремени едукатори итн, сите оние надлежности кои што спаѓаат во обемот на работењето на Академијата. Јас сметам дека начинот на кој што се избираат членовите на Управниот одбор дефинитвно значи целосно политизирање на ова тело и воопшто не може да се зборува за независно работење и самостојност во неговата работа, затоа што гласовите кои што, и тука не е регулирано во овој закон како тоа ќе се одвива, затоа што во членот 13 стои дека седница на Управниот одбор свикува и со неа претседава претседателот на Управниот одбор. Понатаму вели, седница на Управниот одбор може да се свика и по барање на директорот, или на член на Управниот одбор врз основа на образложено писмено барање. Значи, било кој член, или директорот треба писмено да му образложи на претседателот на Управниот одбор за да може тој да свика седница. Јас тука би го прашал заменик министерот, што ако мнозинството членови, исклучувајќи го претседателот на Управниот одбор, побара да се свика седница на Управниот одбор за да го сменат претседателот на Управниот одбор, затоа што тој незаконски работел. Како ќе го решите тоа прашање? Никако. Затоа што нема решение во овој закон. Во ставот 3 стои дека Управниот одбор одржува седница, значи прво треба да ја свика некој за да се одржи. Нема кој да свика седница, 6 мина или 8, или 10 членови, освен претседателот на Управниот одбор кој што евентуално незаконито работел не можат да го сменат, иако во членот 11 стои зошто него може да му престане мандатот како член на Управниот одбор.И што станува тогаш? Се блокира работата на Управниот одбор и се блокира вкупната работа на Академијата. Немате решение на овој проблем. Значи, точката 3 од членот 13 вели дека Управниот одбор одржува седница ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор. Ова е уникатно решение во закон, затоа што досега во сите закони кои што поминале низ овој Парламент ние сме определиле многу тела кои што имаат одредени ингеренции, никаде не стои дека помалку од половината членови на одредено тело можат да одлучуваат и да носат релевантни одлуки во име на тоа тело. Или како е можно да биде наведено дека само со повеќе од половината членови може Управниот одбор да работи. Па како би можел да работи кога нема мнозинство за работа. Значи, сосема непотребно решение кое што е наведено во членот 13 точка 3. Ова истото беше кажано и во првата фаза, затоа ви потенцирам, вие немате обрнато внимание на оние дискусии кои што ги имавме тука во овој Парламент по однос на првата фаза од овој закон. И сметав дека во овој период кој што помина од околу 2 месеци од изгласувањето на потребата за донесување на ваков закон Министерството за правда направило многу малку или воопшто не го изменило текстот кој што беше предложен во прва фаза.

Единствено тука се гледа да се задоволат некои политички интереси, прифаќајќи одредени амандмани на ДУИ, или на незнам кои други субјекти кои што предложија такви амандмани и со тоа завршува приказната околу квалитетот на законот. Јас не се согласувам со тоа, затоа што вие политичките договарања можете да ги правите, меѓутоа јас сакам да се направат едни реформи во судството кои што ќе значат обезбедување на квалитетна едукација и на квалитетни кадри кои што ќе го носат товарот на реформите кои што треба допрва да следуваат во судството. Затоа што вакво какво што е сите оценивме дека не е ниту ефикасно, ниту независно, ниту пак може да ги штити на вистински начин правата и слободите на граѓаните на Република Македонија.

И, за да биде комплетно она што го зборував претходно, во членот 14 стои дека Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор, освен ако не е поинаку уредено со статутот. А кој го носи статутот? Самиот Управен одбор. Значи, зошто вие носите одредба во овој закон во која што велите дека одлуките се носат со мнозинство гласови кога таа одредба не мора да важи, ако тоа во статутот го утврди самиот Управен одбор кој што му давате право да го направи тоа. Сосема контрадикторно и непотребно решение.

Доколку не се обезбеди потребното мнозинство од ставот 1 на овој член за донесување на одлуки, седницата се одлага и претседателот закажува нова седница во рок не подолг од 30 дена. Дали ова е предмет за кој што треба да се утврдува решение во закон, или тоа е предмет на регулирање во статутот на Академијата, тоа треба да одговорите вие како предлагачи, затоа што не знам која е причината дека претседателот морало во рок од 30 дена да закаже нова седница, ако немало мнозинство. Нормално дека ќе закаже, затоа што дневниот ред е утврден, се закажува седница со дневен ред и ако не се соберат 6 од тие 11 лица мора да се закаже што е можно побрзо. Тоа не е спорно. Прашањето е што ако не

сака воопшто да закаже седница и по барање на десет лица , претседателот на Управниот одбор за кое што вие во овој закон немате решение. Членовите на Управниот одбор имаат право на надоместок на патни и дневни трошоци согласно важечките прописи. Ова е препишано од Законот за локална самоуправа каде што е утврдено на кој начин се наградуваат членовите на советите на општините. Таму стои истата одредба. Согласно важечките прописи, секој Совет си носи одлуки самостојно како си се наградува, дали како паушали, дали по седници, дали месечно или не знам како. Ако веќе носите одредба со која што предвидувате надомест на членовите на Управниот одбор тогаш кажете колку треба покрај платата која што ја зема претседателот на Врховниот суд, од Врховниот суд, бидејќи тој е член по овој закон колку тој ќе треба да зема и надоместок затоа што е член на Управниот одбор на Академијата, или јавниот обвинител на Република Македонија, или министерот за правда, или оние други членови на Управниот одбор кои што истовремено треба да бидат и судии и да бидат членови на Управниот одбор.

Прашањето е дали тие дури се членови на Управниот одбор на Академијата истовремено ја вршат и судиската функција. Дали кога ќе одговараат тука согласно член 11 може да му престане мандатот, дали нив ќе им престане мандатот членови на Управниот одбор, зборувам за незаконито рабоење како членови на Управниот одбор, дали ќе им престане мандатот само како членови на Управниот одбор, или ќе им престане мандатот и како судии во основните, апелационите, или Врховниот суд на Република Македонија. Што тогаш? Или тогаш ќе биде предмет на расправа доколку се случи таква ситуација. Затоа јас сметам дека овој закон треба да го повлечете во овој момент, да го доразработите, да ги средите овие решенија кои што не можат да бидат применливи на начин кој што ќе обезбеди ефикасно работење на Академијата за обука на судии и јавни обвинители и на тој начин да се донесе еден закон кој што ќе биде во контекст на вкупните цели кои што треба да се постигнат со реформите во судството. Ова и од причин што не гледам зошто толку се брзате, затоа што факт е дека треба да се донесе закон за судови, закон за судски совет, сите оние закони кои што претставуваат суштински дел за регулирање на состојбите во областа на судството и ова нека биде овој закон еден дел од целосните рефори во судството кои што ќе значат меѓусебна поврзаност, усогласеност и кое што ќе значат вистински начин за функционално извршување и остварување на целите кои што треба да бидат постигнати со ова.

Не сакам да должам, со тоа што ако веќе ви притребаат уште аргументи, би ви посочил бидејќи овие раборти кои што ги кажав очигледно дека ги немате земено во предвид во однос на директорот и извршниот директор дека може да биде разрешен пред истекот на мандатот на кој е именуван. И тука стои, ако е осуден за кривично дело, тоа е веќе океј, затоа што се работи за правосилна пресуда од страна на суд. Меѓутоа,во втората алинеја стои, ако незаконито и неодговорно ја вршел функцијата, третата алинеја во член 22 стои, ако незаконито и неодговорно управувал со финансиските средства. Јас тука би ве прашал што значи тоа неодговорно. Во Република Македонија работењето на директорите, вклучувајќи го тука и директорот на Академијата треба да биде во согласност со законите и Уставот на Република Македонија. Ако веќе сте навеле дека ако незаконито управувал со финансиските средства, јас би го поставил прашањето, што е тоа неодговорно? Значи, утврдувањето на незаконитоста во управувањето со финансиските средства, или во вршењето на функцијата ја апсорбира во себе си и неодговорноста, затоа што не можете специјално да утврдувате дека некој бил одговорен, или не одговорен паушално врз основа на тоа дека некој треба да го разреши некого заради тоа мора да се остави некој основ по кој што тоа ќе треба да го направи. Значи, се друго паѓа во вода. Доволно е да напишете ако не одговорно ја врши функцијата не ви треба ниту судска пресуда над 6 месеци, не ви треба ниту незаконито работње, само напишете: неодговорно ја вршел својата функција или управувал со финансиските средства.

Сите овие работи кои што ги кажав сметам дека треба да бидат предмет на уште едно разгледување во Министерството за правда. Тука можеби е техничка грешка што стои "будетот на судска власт" судската власт во наводници во Република Македонија не знам што значи, затоа што и судска власт дали постои и е прашање кое што може да биде тема за дискусија. Затоа тука треба да биде во склад со Законот кој што го имаме донесено тука за финансирање на судовите.

Во точката 2 стои дека оваа Академија може да има и други извори на финансирање каде што се наведени донации и подароци.

Точката 3 вели дека не може Академијата да прифати средства со чие обезбедување се доведува во прашање нејзината независнсот. Меѓутоа, кој е тој што ќе утврди дали одредени средства ја доведуваат во прашање независноста на Академијата, ими не. Затоа сметам дека донациите и подароците треба целосно или многу прецизно да бидат регулирани, од кого може да бидат земени, воколкав износ и за кои цели и намени. Тоа треба да биде јавно направено, да имаобврска за јавно искажување и прикажување на донациите и подароците кои би дошле до Академијата затоа што тоа може да биде добра основа за поттикнување на можностите за коруптивно однесување во рамките на полагањето на приемните испити и т.н.

И уште една главна забелешка, тука се надевам дека ДУИ нема да ми се налути за ова што го кажувам затоа што во членот 35 тие велат и прифаќаат, бидејки тука е заменикот минситер кој потекнува од нивната партија, велат дека

селекцијата од пријавените кандидати во Академијата се врши врз основа на квалификационен тест и приемен испит. Во точката 3 стои дека квалификациониот тест е писмен и анонимен и таму стои дека се состои од писмен дел, од усмен дел и така натака.

Во членот 36 стои: "При селекцијата на кандидатите за прием во Академијата, без да се нарушат критериумите предвидени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапенсот на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Македонија ". Значи ако е анонимен, ако е писмен тестот, ако селекцијата се врши врз основа на квалификациониот тест, не врз припадноста на кандидатот, тогаш јас не знам која е целта и на кој начин ќе се води сметака за правичната застапеност. Правичната застапеност ќе биде израз на квалитетот. Може 90% примените кандидати да бидат Албанци, да бидат Турци, да бидат Роми или не знам припадници на било која друга националност која живее во Република Македонија, меѓутоа, тоа мора да биде само врз основа на квалификациониот тест и резултатите односно знаењето кое го покажал тој кој претендира да биде иден судија и јавен обвинител и врз основа на тоа да биде критериумот по кој ќе биде утврдено кое лице ќе биде примено, а кое нема да биде примено. Ако веќе сакате да утврдувате квоти, тогаш тоа веќе е друго прашање и тогаш тоа не се решава на овој начин што тука е решено во овој закон, во членот 36. Затоа сметам дека членот 36 треба да се брише, а од друга страна да си остане дека приемот во Академијата е достапен за секој што ги исполнува условите за прием во Академијата, утврдени со овој закон. Со тоа, апсолутно не се врши билокаков вид на негативна селекција по однос на национална или било каква друга основа , затоа што факт е и дека со Уставот не може да се врши селекција на ваков начин.

Членот 37 - Комисија за квалификација и прием на кандидати, значи онаа Комисија која треба да одлучува кои ќе можат да влезат во Академијата и понатаму да ги положат сите оние потребни испити и да добијат верификација за нивното знаење, за после тоа да можат да станат судии и јавни обвинители, врз основа на она што ќе го добијат членовите на Управниот одбор, како потреба за пополнување на места за судии и јавни обвинители. И тоа не е решено, меѓутоа не сакам да должам, на претседателот очигледно му се брза за изгласување на овој закон и затоа само уште ова го кажувам изавршувам...

**Љупчо Јордановски:** Ништо не ви кажувам господине Стојаноски. Ви обрнав внимание дека сеуште сте на Управниот одбор и десет пати се повторивте, но ние ќе ве слушаме, ако треба уште саат време зборувајте. Не е добро за вас, не за мене.

**Блаже Стојаноски:** Не се работи вие да ме слушате. Требало да ме слуша во правата фаза предлагачот, да ги отстрани овие недоследности...

**Љупчо Јордановски:** Во ред, имате закон гласајте против. Јас само тоа можам да ви препорачам.

**Блаже Стојаноски:** Последиците ги носиме и вие и ние господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Затоа ќе изгубат тие што донеле лош закон. Заврши прикаската.

**Блаже Стојаноски:** Да, ама последиците ќе ги сносат граѓаните на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Кога ќе добие другата страна на избори, ќе го смени тој закон.

**Блаже Стојаноски:** А до тогаш нека се крстат да не им се случи повреда на некое право. Затоа сметам дека оној дел кој се однесуваше на Управнио тодбор се заокружува со членот 37, кој се однесува на Комисијата за квалификации и прием на кандидати, која согласно овој член е составена од 7 члена, со мандат од една година. Тука е наведен составот на оваа Комисија и тоа: 4 члена по предлог на Републичкиот судски совет, 2 членови по предлог на Советот на јавни обвинители и 1 член по предлог на министерот за правда. Овде веќе се водело сметка дека тежината на колективните органи,какви што се Републичкиот судски совет, потоа Советот на јавните обвинители и тука единствено како лице кое претставува поединец и е оставено на неговата дискрециона волја, се појавува министерот за правда кој може да именува еден член на Комисијата за квалификации и прием на кандидати. Затоа сметам дека Управниот одбор е тој кој по предлог на овие лица треба да ги именува членовите на Комисијата, а од друга страна пак, во Управниот одбор, значи оние кои одлучуваат по предлогот, министерот за правда е член, значи министерот за правда се појавува и како предлагач и како член на органот кој треба да одлучува по неговиот предлог. Дали на тој начин нема судир на интереси, во овој поглед.

Исто така во однос на Републичкиот судски совет, претседателот е таму, а тој треба да предложи 4 члена. Дали во Републичкиот судски совет нема да има право на глас, или во Управниот одбор нема да има право на одлучување по предлогот. Значи има нерешени прашања, но да не навлегувам во детали по однос на овие прашања.

Она што ми го предложи претседателот на Собранието јас ќе го прифатам и ќе гласам против овој закон со ваква содржина, иако сметам дека е неопходно донесувањето на вакво закон. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Томиќ имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** По прашањето за обуката на судиите, во рамките на Советот на Европа се занимаваше и Консултативниот совет на европските судии, што е советодавно тело на Комитетот на минситри на Советот на Европа. Ова тело во 2003 година усвои мислење за иницијалната и континуирана обука на судиите на национално и на европско право.

Дел од образложението што е содржано во самото бразложение на Предлог законот, и покрај инспиративното излагање на колегата Стојаноски, не можам а да не го предвидам овој факт односно дека не го погледнал образложението на самиот Предлог закон.

Меѓутоа, она што навистина ме збунува, еве ќе почнам од крајот на неговата дискусија, се повика на членот 37 и повторно се повикува на одредбата која навистина само нему му одговара. Заборави колегата Стојаноски да каже дека членовите на Управниот одбор, директорот, извршниот директор на Академијата, членовите на програмскиот совет и членовите на Комисијата за завршен испит, не можат да бидат членови на Комисијата за квалификации и прием на кандидати. Каде е таа политизација за која зборувате колега Стојаноски? Зошто на пример не се повикувате и на членот 39. Тоа е Комисија, сега, за полагање на завршниот испит и вели во ставот 4: " членовите на Управниот одбор, директорот, извршниот директор и членовите на Комисијата за квалификации и прием на кандидати, не може да бидат членови на Комисијата од ставот 1 на овој член". Кој аполитизација колега Стојаноски. 15 месеци трае обуката. Јас мислам дека таа обука навистина ќе биде квалитетна, ќе се подготвуваат кандидати.

Заборавивте да кажете уште нешто, дека за едно место треба најмалку два кандидати да конкурираат.

Второ, на крајот на краиштата, добро рече и претседателот, утре може да дојде и до промена на валста и минситерот за правда да биде од сосема некоај трета партија и нека биде. Што сега, кандидатот за судија дали ќе биде добар или не, ќе зависи од министерот за правда? Имаме две независни комисии внатре во Управниот одбор на Академијата. И конечно, дај интервенирајте амандмански, ако е нешто што јас и моите колеги од СДСМ и од коалицијата не го гледаме. Ако вреди предлогот, навистина ќе го подржиме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски, имате една минута контра реплика.

**Блаже Стојаноски:** Овој закон се донесува во две фази. Јас можам да ви ги дадам стенографските белешки од моето излагање од правата фаза. Сите овие работи што ги кажав сега, ги кажав и тогаш. Ако целта, законот да се донесе во две фази, е да се добие во време за да се искристализира предлогот и да е донесат решенија кои се квалитетни, тогаш можеше не само од мојата дискусија, туку од многу други, од стручната јавност да бидат прифатени, разгледани и внесени во овој Предлог на закон, но тоа за жал не е направено.

Второ, Управниот одбор е тој кој ја конституира Комисијата за квалификација. Управниот одбор ја конституира Комисијата за завршен испит. Управниот одбор е тој кој ги донесува сите одлуки, а вие немате донесено, едноставно, решение. Како при незаконско работење можете да го смените претседателот на Управниот одбор? Одговорете ми на тоа прашање.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Шајноски имате збор.

**Драго Шајноски:** Во текстот на законот за формирање на Академија за обука на судии обвинители, произлегува можност од појава на една негативна тенденција во нашето општество, поточно во судската власт, а тоа е потполна бирократизација на процесо тза обука и избор на судии и обвинители и целосна изолација на овој еснав од сите други образовни и други институции во државава, што води во негово безориентирано движење по однос на целите.

Со овој закон, на кратко речено, се формира Академија составена од два дела: параден и работен дел.

Работниот дел постои и денес во оваа држава, во функциите на некои образовни иснтитуции, а постоел и порано и треба само да се организира на друг начин. Според тоа овој закон се сведува само на потребата, на некои, од легализирање на парадниот дел на Академијата, за кои пак јас сметам треба потполно да се исфрли од текстот на овој закон.

Во парадниот дел се вклучени личности од судството и политиката. Тие ги држат местата во Управниот одбор, во Советот на Академиајта, директорските места и т.н. Во работниот дле спаѓаат техничките служби и едукаторите. Притоа, за само неколку членови од техничките служби , како работен дел се избираат преку дваесетина парадни личности.

Сметам дека има потреба од едукација на судиите и обвинителите, но нема потреба од формриање на Академија. Обуката на судиите и обвинителите може да се врши во постоечките образовни институции во државата каде имаме и експерти и педагози и целиот процес ќе не чини поефтино, а ќе биде поефикасен.

Се плашам дека оваа Академија се формира токму поради парадниот дел, не заради работниот дел, со што перфидно се заобиколуваат постоечките институции. Што е уште пострашно, овој закон им овозможува на личностите од парадниот дел, не само да ги заземаат местата формално, туку да влијаат во едукацијата и изборот на судиите и обвинителите, со што легалнос е формира една формална група на моќници, најчесто поврзани со политичките групации кои во моментот се на влас. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 58 гласале за, нема воздржан, 7 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Академија за обука на судии и јавни обвинители.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заем по Проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата CWE ( China International Waters Elctric Corp), со Предлог на закон.**

Предлогот за доенсување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.
(Во 17,00 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Никола Поповски:** Благодарам.

Овој закон кој се наоѓа пред пратениците денеска произлегува од Законот со кој се трансформираше тогашната ЕСМ во нови четири компании и се однесува на кредитот кој старата ЕСМ го има земено во вид на заем во текот на 1998 година од Кинеската банка и од фирмата China International Waters Elektric Corp. исто така од Кина во висина од 95.068.000 американски долари.

Износот на заемот беше употребен и се употребува за изградба на ХЕЦ "Козјак" со придружните објекти кои произлегуваат од изградбата на Централата, вклучувајќи го и опремувањето.

По поделбата на ЕСМ ХЕЦ "Козјак" во делбениот биланс природно остана како имот на новоформираната компанија ЕЛЕМ. Со оглед на новонастанатата ситуација Република Македонија треба гаранцијата која ја има издадено по основ на Договорот за заем со Кинеската банка да ја измени и таа наместо на ЕСМ да оди таму каде што природно е неопходно, во ЕЛЕМ, каде што се наоѓа и ХЕЦ "Козјак".

Сакам да кажам дека со овој закон нема ново задолжување на Република Македонија ниту некакви фискални импликации, туку само гаранцијата се преместува во онаа компанија согласно делбениот биланс која ја наследила ХЕЦ "Козјак".

Со оглед дека со заемот се извршени и други работи придружни кај ХЕЦ, на опрема или слични работи кои останале и во другите компании, сакам да го известам Парламентот, бидејќи тоа беше покренато на Комисијата, дека сервисирањето на овие маргинални делови од заемот ќе одат преку компанијата или АД ЕЛЕМ, а се лоцирани во МЕПСО во износ од 430 илјади долари и 1,1 милион долари во ЕСМ односно Дистрибуцијата на ЕСМ. Средствата се обезбедени и нема никакви дополнителни задолжувања.

Со оглед дека, потпретседателе, ако ми дозволите и точките 18 и 19 се со слична содржина на пренесување на гаранцијата во рамките на трансформацијата на ЕСМ, ќе ми дозвлите да кажам неколку збора за нив, само по една минута, затоа што се работи за истата техника.

Со законот со кој се изменува гаранцијата по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем земен од Светската банка, средствата се обезбедени во мај 1998 година со заем во висина од 61,5 милиони тогашни германски марки. Средствата се употребени целосно за реконструкција на тогашните шест најголеми хидроелектрани во Република Македонија, кои по делбата на ЕСМ на четири нови компании природно припаднаа на компанијата ЕЛЕМ, каде што сега се префрла гаранцијата од ЕСМ на ЕЛЕМ со тоа што сакам да соопштам дека 80% од средствата се употребени во опрема која останува во ЕЛЕМ додека 10,8% во МЕПСО и 9,2% во ЕСМ-Дистрибуција која ќе се приватизира и тие ќе си ги сервисираат, согласно со делбениот биланс, преку ЕЛЕМ и овие две компании.

Дозволете ми една минута да кажам и за третиот последоваделен закон, се работи за гаранција на Република Македонија по Договор за заем помеѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП ЕСМ за Проектот за Сектор-Енергетика. Овој заем е склучен, сега веќе во далечната , 1993 година во декември во висина од 46,5 милиони тогашни германски марки. Во текот на реализацијата на проектот е увидено дека можат да се направат заштеди и откажани се 12,6 милиони германски марки и се употребиле како задолжение 33,9 милиони тогашни германски марки.

Со оглед на употребата на овие средства кои по поделбата на ЕСМ целосно се припаднати на новоформираното ЈП за трансмисија на електрична енергија МЕПСО, долгот кој е употребен во ова претпријатие со заштедата во висина од 33,9 милиони останува како средства на МЕПСО кои ќе ги исплаќа и за кои државата дава целосна гаранција и со оглед дека износот на гаранцијата се намалува тука, како што знаете, предлагаме целосно нов закон со кој новата гаранција е на намалениот износ и се префрла кај компанијата каде се употребени средствата односно ЈП МЕПСО.

Сите три закони не предизвикуваат ново задолжување на Република Македонија ниту предизвикуваат фискални импликации затоа што во досегашната историја пред и по поделбата на компанијата сите компании редовно си ги извршуваат своите меѓународни обврски и никогаш гаранција на Република Македонија не е падната за да се изврши во рамките на компаниите кои произлегоа од поранешната ЕСМ.

Од тие причини ги повикувам пратениците да го ускладиме ова со цел процесот на преструктуирање на компанијата да продолжи да се одвива. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги.

Еве, ако ми дозволите, како што и министерот се обрати по трите точки од наредните точки кои се однесуваат на ЕСМ и се однесуваат на заеми кои треба да ги дефинираме кој, каде и што припаѓа, мислам дека ќе биде подобро да не го повторувам говорот, да се прокоментира во однос на сите три заеми, а после тоа да гласаме.

Што би сакал да прокоментирам? Коментарот е во тоа што заемот и кредитот кој е земен за ХЕЦ "Козјак" вака како што го презентираме и како што е доставен до пратениците на денешната седница господинот министер изнесе нови информации колкаво е задолжувањето на Дистрибуција и колкаво е задолжувањето на МЕПСО. Мислам дека како пратеници го очекувавме тоа пропратно заедно со текстот на овој закон кој ни е доставен да го имаме и тоа затоа што гледаме дека во акционерските друштва кои произлегуваат од ЕСМ имаме делбени биланси каде секој треба да знае за што, колку и како е задолжен затоа што самите закони вака како што се презентирани и она што го имаме во однос на историјатот на побарувањата за овие заеми кажува нешто друго.

За што всушност се работи?

Јас ќе ја потсетам македонската јавност дека долгот произлегува од овој закон за задолжување од 14 мај 1998 година, директно пред изборите 1998 година кога повторно на власт беше СДСМ и тогаш овој заем е склучен со фирмата Hajnen Enterprajs Corp. која во меѓувреме, за жал, се покажа дека не е тоа што беше презентирано во Република Македонија и истата пропадна.

Значи, сега имаме еден договор од 2002 година после оној добитнички 15 септември, многу брзо после тоа дојде 18 ноември и тогашната Влада т.е. сегашната Влада со друг премиер и друг состав на министрите имаме дополнување на овој договор за заем од 1998 година и сега средствата кои треба Република Македонија т.е. ЕСМ во фазата кога веќе почнуваат овие делбени биланси да изнесува 95.068.000 американски долари. Значи, се направи една промена и во износот и сега задолжувањето станува поинакво, немаме задолжување кон друштвото кое го имаме во првиот договор Hajnen Enterprajs Corp., туку тоа е она што го кажа и министерот некоја кинеска интернационална корпорација која го одобри овој кредит. Условите за кредитот се изменети и она што стоеше во членот 4 во првиот закон со кој се задолжи ЕСМ средствата од заемите од Кинеската банка и фирмата Hajnen Enterprajs Corp. ќе се користат за финансирање на проектот ХЕЦ "Козјак" односно за изградба на хидроелектрична централа по принцип клуч на рака и за изведување на градежни работи по проектот. Значи, имаме еден договор...

(Галама во салата).

Јас се извинувам, колеги пратеници, но ќе го задржам само кратко, десетина минути, вашето внимание затоа што се работи за средства кои, еве и сега се наоѓаме пред изборна кампања, повторно се случуваат истите работи, па да бидеме малку поконцизни во она што го говориме и она што е пред нас, да знаеме за што ќе гласаме.

Во однос на ова кажав дека членот 4 од законот кој го гласаме и за кој беше подигнат овој кредит беше за изградба на ХЕЦ по принцип клуч на рака и за изведување на градежни работи по проект. Но, од друга страна сега министерот не известува за нешто ново дека средствата се искористени за потребните инвестиции кои по трансформацијата останаа во надлежност на АД ЕСМ и АД МЕПСО. АД Електрани ќе склучи посебни договори со АД ЕСМ и АД МЕПСО. Тие беа минимални средства, средствата кои ги обезбеди ЕСМ очигледно имаше многу погрешна проценка, првите средства кои беа дефинирани дојдоа скоро дупло поголеми до завршувањето на она што значи ЕСМ и она што значи ХЕЦ "Козјак" која некогаш ќе треба да ги врати тие средства, дали тоа ќе биде во АД Електрани на Македонија или кај некој приватник, тоа допрва ќе го видиме, затоа што ќе треба да протече многу вода низ таа хидроелектрична централа за да може да ги поврати парите.

Другиот заем, во овој случај Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународната банка за обнова и развој. Истиот е донесен на 29.04.1998 година така што повторно се работи за предизборна кампања, повторно се работи за 20.05.1998 година кога ова е објавено во "Службен весник на Република Македонија" и се работи за вредност од 61,5 милиони германски марки.

Имаме една забелешка каде повторно бараме конкретно и прецизно, министерот кажа некаде 10% се искористени за нешто друго затоа што основниот предлог и она што е направено со овие средства е она што беше санација на шесте најголеми хидроенергетски постројки во Република Македонија, подобрување на работата на ЈП ЕСМ вклучувајќи контрола, диспечерски центар и врски како и отпочнување на санацијата на системот за снабдување со електрична енергија. Токму поради тоа, затоа што ова е ставено во закон, јас очекував дека ќе добиеме точни бројки за кои ќе говориме и како овие друштва ќе бидат задолжени. На овој начин даваме голем простор во законот кој нема никакви обврзувања дека наредно АД МЕПСО со АД Дистрибуција или ЕСМ ќе склучат договори и со АД ЕЛЕМ каде остануваат шест електрани.

Но, тука и во самиот закон стои дека одреден дел од овие средства ќе бидат распоредени и веќе се распоредени и потрошени во однос на контрола, диспечерски центар и врски и санација на системот за снабдување со електрична енергија.

Би било многу попрактично не во законот, законот можеби не траба да ги има овие бројки, но пропратно како пратеници да ја добиеме информацијата и да знаеме колкаво е ова задолжување.

Третиот закон кој се однесува на Договорот за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП ЕСМ за реализација на Проектот од Секторот енергетика каде имаме задолжување, повторно пред избори, но сега пред фамозните избори 1994 година на 24 февруари 1994 година Договор за гаранција и на 12.09 Законот за ратификација на Договорот кој е објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 48/94 година.

Сега во самото образложение добиваме што нашиот сегашен министер ни го доставува до нас пратениците дека, согласно Законот за јавен долг претходниот закон за ратификација на Договорот за гаранција всушност претставува некој меѓународен договор кој 13 години не бил важечки и дека со овој закон што денес треба да го донесеме ние ќе го промениме.

Прашањето е 1997 година кога веќе се задолжуваме со наредни кредити, се задолжуваме со уште два кредити, 1997 година некаде во декември ние повлекуваме или враќаме од овие средства 12 милиони. За што се работи? Мислам дека енергетскиот сектор заслужил не 12, туку многу повеќе од тие 12 и сега прашање е на политичка одговорност кога некој во месец декември враќа 12 милиони, веќе во месец април да се задолжи со нови 65 милиони и тоа апсолутно не е јасно и уште еднаш укажува на она што дополнително ќе го говориме, тоа е Законот за енергетика и она што значи планирање.

Во овие три кредити апсолутно гледаме дека Република Македонија во претходните години со задолжувањата и ова што го добивме од овие задолжувања апсолутно не ќе може да ги врати овие кредити или ќе ги врати, но за тоа треба многу време. Затоа треба да се инвестира во она што е стварна добивка, во она што го поправа енергетскиот сектор во Република Македонија на овој начин и задолжувањата кои ги има ЕСМ или во овој случај префрлувањата на ЕЛЕМ, МЕПСО или Дистрибуција поради сите овие делбени процеси и поради она што значи финансиско работење на овие поодделни акционерски друштва или друштва кои се произлезени од АД ЕСМ, мислам дека треба да бидеме многу попрецизни во донесувањето или прикажувањето на овие закон.

Очекував дека ова ќе го добиеме како точна бројка и како информација и во тој случај мислам дека и меѓу фирмите нема да направиме апсолутно ништо лошо затоа што во овој момент нивните должничко доверителски побарувања кои важат во акционерските друштва апсолутно покажуваат нешто што не е во функција токму на ова што ни беше објаснето дека е се регуларно и се прецизно кажано.

Затоа господа оставам со новите закони ова што значи задолжување, сега можеби не на државата, туку ќе се задолжува некој друг, тука треба да гласаме за она што прецизно ќе го знаеме за што и како се работи. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Три минути реплика за пратеникот Тома Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Реплика токму на обраќањето на господинот Мавровски.

Прво, господине Мавровски сите три кредити и сите три проекти што се планирани и за кои се земени пари се целосно реализирани. Во текот на овие години се враќани. Сега, дали било предизборна кампања 1994-1998 година, јас не знам и не можам да тврдам и зошто Министерството не дало податоци до каде се стасани сегашните обврски, меѓутоа, факт е дека сите три кредити се искористени наменски онака како што се зацртани, освен онаа сума што кажа министерот околу 12 милиони тогашни германски марки што се утврдило дека во тој момент не им требале.

Значи, покрај тоа што се сервисирани, сега со поделбата на ЕСМ и со тоа што се префрлаат на трите фирми делови од тој кредит не значи дека тогаш не биле наменски потрошени, туку биле изземени за тие намени. Меѓутоа, со поделбата падналe основните средства на некоја од тие фирми и каде се паднале мора да си ги враќаат кредитите.

Од вашето излагање произлегува дека не се знае за што се користени кредитите, кој ги зел, како ги зел, кој ќе ги враќа и како ќе ги враќа.

Она што конкретно може да се земе како забелешка зошто целокупната гаранција или враќањето да ги преземе електраните на Македонија, а потоа со меѓусебни договори да ги расчистува затоа што во старт не се задолжени новите субјекти да си ги враќаат сами кредитите.

Меѓутоа, очигледно дека помеѓу новите правни субјекти од старото Електростопанство на Македонија има добра соработка и со плаќање на ратата од страна на ЕЛЕМ дека во рокот кој што е даден во Предлогот на законот во рок од 60 дена или две недели не се сеќавам како беше дека ЕЛЕМ ќе си фактурира и ќе си го поврати делот на парите што ги платил во кредитите за соодветното друго друштво. Значи во функција е и Козјак работи, прави струја, завршен објект, во фукција е и диспечерскиот центар, во фукција се и репарираните електрани од ревитализацијата на шесте електрани. Се е во функција. Се фукционира. Кредитите редовно се сервисираат. Ова е само сигурност спрема Светската банка, затоа што настанала правна промена на субјектите за кој да има да гарантира. И една

мала исправка на министерот МЕПСО не е јавно претпријатие, тоа е акционерско друштво.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигоријевски.

Една минута контра реплика господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван колега, вие сигурно знаете и подобро од останатите колеги, затоа што и 1994 и 1998 и 2002 година, се ова е направено пред изборите или после изборите. Тоа е апсолутно така и нема тука дилема.

Во однос на она што и самите не сте сигурни дека е така и ја искажувате мојата дилема зошто не добивме информација како технички лица кои се проектите, колку средства се потрошени и кој колку треба да плати. Таква информација овде немаме. Ја слушаме сега на самата седница од министерот, што по мене не е коректно. Сигурно и за вас не е коректно, а дека има добра соработка, тоа го гледаме деновиве. Значи ЕЛЕМ има побарување од МЕПСО, од дистрибуција некаде 27 милиони евра, кои другите не ги признаваат. Не би сакал тоа да се случи и со кредитите ЕЛЕМ да ги исплати, а после тоа да не може да ги наплати. Токму во таа насока е и мојата дискусија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата CWE.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

(Со седницата продолжува да претседава претседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата имаме 61 пратеник.

Бидејќи заклучокот е прочитан, затоа ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 гласале за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник. 59 гласале, 56 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 61 пратеник. 60 гласале, 55 гласале за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународната банка за обнова и развој, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заем по Проектот за подобрување на енергетскиот систем од Меѓународната банка за обнова и развој.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Гласаа 61 пратеник, 57 гласаа за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

61 пратеник се присутни, 59 гласале, 56 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Минуваме на претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот. Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутни пратеници, 60 гласале, 56 гласале за, 4 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договор за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП Електростопанство на Македонија за**

**реализација на Проектот за сектор енергетика, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за гаранција на Република Македонија по Договор за заем склучен меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП Електростопанство на Македонија за реализација на Проектот за сектор енергетика.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 56 гласаа за, 5 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеника, гласале 55, 52 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот. Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 58 гласале за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 20 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за платниот промет, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за платниот промет.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 гласале за, 2 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Присутни се 63 пратеника, гласале 59, 58 гласале за, 1 воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 за менување на став 2 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот, кој е единствен амандман.

Затоа отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точка 21 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за лизинг, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за лизинг.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 гласале за, 1 воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 5 во новиот член 5-а став 2 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1во новиот член 1-б, член 2,

член 3 став 6, член 15 во новиот член 16-б став 3, член 16 алинеи 7 и 24, член 17 став 1 за додавање нова алинеја 1 по воведната реченица и на алинеја 2 и на член 18 став 1.

Пратеникот Благородна Мингова Крепиева поднесе амандман на член 5 во новиот член 5-а став 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 1-б, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Претходно би го прашал министерот дали се согласува со сите амандмани со кои што се согласил повереникот на Владата.

**Никола Поповеки:** Сите амандмани поднесени од Законодавно-правната комисија од број 1 до 7 ги прифаќам.

**Љупчо Јордановски:** Значи овој амандман станува составен дел од текстот на законот.

И амандманот од член 2 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот. И амандманот на член 3 став 6 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 во новиот член 5-а став 2 поднесен од пратеникот Благородна Мингова Крепиева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповеки:** За Владата амандманот беше прифатлив, меѓутоа, недоволно прецизен и јасен. Ние доставивме нов амандман, тој што на почетокот го соопштивте од Владата дека е составен дел и автоматски со тој амандман овој амандман е веќе реализиран, меѓутоа, со попрецизна формулација, односно амандманот како таков веќе и не постои, за што е надминат со нашиот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Подносителот не е тука за да може да го повлече.

Значи амандманот не е прифатен.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 59 гласале, 6 за амандманот, 2 воздржани, 51 против.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Амандманот на член 15 во новиот член 16-б став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 16 алинеи 7 и 24, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 17 став 1 за додавање нова алинеја 1 по воведната реченица и на алинеја 2, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Амандманот на член 18 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел од текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника, 60 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Љупчо Јордановски: Минуваме на точката 22 - Предлог на закон за даночна постапка.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 5 став 1; за менување на член 29, член 57 точка 3 и на член 181.

Овде е истиот случај.

Дали министерот се согласува со сите амандмани поднесени од Законодавно-правната комисија, бидејќи повереникот се согласил веќе?

**Никола Поповски:** Сите четири амандмани на Законодавно-правната комисија ги прифаќам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Значи амандманот на член 5 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на текстот на законот.

Исто така и амандманот за менување на член 29, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на текстот на законот.

Амандмано тна член 57 точка 3, поднесен од Законодавно-правната комисија е составен дел на текстот на законот.

Амандманот на членот 181, поднесен од Законодавно-правната комисија, исто така, е составен дел на текстот на законот.

Немаме други амандмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Господине Краљевски, имате збор, повелете, кратко и јасно.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Јас сум потполно свесен дека со поминувањето на рокот за поднесување на амандмани, а во овој случај од моја страна не беа поднесени амандмани, дека во оваа фаза не може да се интервенира во самиот текст на законот, меѓутоа, она што ќе го кажам би можело да предизвика внимание од страна на министерот и од страна на Владата евентуално, или да го повлече законот пред конечното гласање по законот или пак во некој краток временски период од изгласувањето

на законот да поднесе нов закон за изменување и дополнување на Законот за даночните постапки.

Имено, моите забелешки ќе ги кажам по ред, ќе кажам на што се однесуваат конкретно и на кој член од законот.

Во членот 28 се уредува враќањето на ненаплатен данок, кој го регулира враќањето на наплатениот данок. Во истиот член не е даден рок во кој Управата за јавни приходи ќе го донесе решението за враќање на повеќе или погрешно наплатениот данок. Употребен е непрецизен термин "во најкус можен рок". Воедно, доколку се работи за погрешно наплатен долг, а од денот на наплатата до враќање на данокот помине поголем временски период, дали на даночниот обврзник му следува соодветна камата. Сметаме дека треба задолжително да се предвиди рок и која камата ќе се пресметува во самиот текст на законот.

Во членот 32 се уредува гаранцијата и ликвидацијата, предвидено е и исполнување на даночниот долг од основачите, управителот или членовите на управата. Оваа одредба е во спротивност со членот 614 од Законот за трговски друштва, каде за трошоците и постапката за стечај или ликвидација паѓаат на товар на правното лице, а ако од неговиот имот не може да се обезбедат потребните средства за надомест на трошоците, разликата лично, неограничено и солидарно со сиот свој имот ја надоместува управителот, односно членовите на органот на управување.

Членот 37 содржи општи одредби за регистрација. Предвидена е постапка, содржина и начин на водење на единствен регистар на даночните обврзници, пријавување и бришење во регистарот, односно мојата интенција е при пријавувањето и бришењето единствениот регистар да ги пропише министерот за финансии. Не е предвидено со кои акти и во кој рок ќе се пропише наведеното.

Во членот 44, кој го регулира доставувањето на даночниот управен акт, во ставот 2 точка 1 - доставувањето на даночниот управен акт, предвидено доставувањето пратка во земјата, при тоа да се смета третиот ден по предавањето во пошта. Сметам дека ова е несоодветно решение, бидејќи не секогаш приемот на поштенските пратки е третиот ден по нивното предавање во пошта и не значи дека примачот го примил и сознал за роковите и последиците од содржината на актот.

Во член 50 став 2, во кој е регулирано учество на даночните обврзници во утврдувањето на фактичката состојба, конкретно ставот 2 се однесува за прибавување на докази уште во фазата на креирање на односи во странство од страна на даночниот обврзник. Формулацијата "креирањето на даночните обврски во странство" е непрецизна и дава можности за различно толкување. Зборот "креирање" треба да се ограничи на точен број и содржина на односите со странство на даночниот обврзник. Во истиот член ставот 4 не е даден рок за донесување на документите, а што е регулирано во ставот 3 на член 50.

Членот 51 го уредува постапувањето со сметки, вредносни и сефови, при тоа треба да се предвиди која е соодветната форма која се пропишува на документот што го дава соодветната институција, бидејќи се работи за различни субјекти кои постапуваат со сметки, вредности и сефови. Тоа да се унифицира на некој начин.

Во членот 53, форма, содржина и начин на поднесување на даночната пријава, ставовите 1 и 11, не се предвидени рокови за донесување на акт за формата и содржината на образецот, односно постапка и пренос на податоци во електронска форма.

Во членот 57 се уредува изведувањето и оценката на доказите, во точката 10 стои "собирање на информации од даночниот обврзник и од други лица". Тука не е прецизирано кои се тие лица кои можат да дадат информации за утврдување на фактите битни за оданочувањето и со кој пропис ќе бидат задолжени да дадат релевантни податоци.

Во членот 61 став 3, е даден рокот од две седмици. Овој термин не е соодветен со прописите за утврдување на рокови, каде е пропишано дека тие се изразуваат во часови, денови, месеци и години.

Исто така, во овој закон, во некои одредби се употребуваат термините "денови" и "месеци", што значи дека треба конзистентност на изразите за рокови во целиот текст на законот.

Во членот 75 ставот 6 се уредува враќањето во поранешна состојба. Тука, не е предвиден рок зза донесување решение за враќање во поранешна состојба и не е наведено кој постапува во втор степен доколку Управата за јавни приходи го одбие барањето за враќање во поранешна состојба. Овде може со донесувањето на уставните промени во втор степен да се постапува директно, Врховниот суд, да кажам со судска заштита, меѓутоа, можеби би требало да се предвиди второстепеност и во рамките на органот на управата за јавни приходи. Тука треба да се прецизира, да се каже.

Членот 76 став 3 ја уредува проценката на даночната основа, во последната реченица на ставот 3 стои: "Врз основа на фактичката состојба таа може да извлече заклучоци кои нема да бидат во корист на даночниот обврзник. Несоодветно е извлекување на заклучоци кои се само на штета на даночниот обврзник, бидејќи кога се работи за процена треба да бидат земени предвид и заклучоци кои се на штета и во корист на даночниот обврзник.

Дали одредбите од членот 86 став 2, односно допустливост на надворешна контрола се однесуваат и на учесници во платниот промет кои не се даночни обврзници, а тоа се здруженија на граѓани, фондации, синдикални организации, верски организации, месни заедници, политички

партии и други. Во практиката иако наведените субјекти не се даночни обврзници, а учествуваат во платниот промет, ретко или воопшто не беа предмет на надворешна контрола.

Во членот 88 став 2, инспектори, инспекторот е одговорен за навремено компетентно и економично исполнување на своите задачи - треба да се дополни со одговорност на инспекторот за незаконско и некомпетентно исполнување, кое би предизвикало штета на даночниот обврзник.

Членот 114 ги уредува видовите на гаранции. Во овој член да се предвиди можност како гаранција да се прифати и побарување на даночниот обврзник обезбедено со извршен наслов: "и хипотека и залог засновани во корист на даночниот обврзник".

Член 118 став 4: по зборовите "ако банката" да се додаде збор "неоправдано и незаконито". Ова се предлага во врска со член 142 од овој закон, бидејќи е во директна врска со одредбите од тој член.

Член 121 став 2 гласи: "Доколку даночниот обврзник не го плати доспеаниот износ во рокот определен во став 1 на овој член, даночниот долг се зголемува за 10%". Оваа одредба е неоснована бидејќи во членот 123 "Општи одредби за камата" е предвидено пресметување и наплата на камата во висина од 0,05% за секој ден задоцнување.

Согласно одредбите на Законот за облигационите односи, членот 266, должникот кој ќе задоцни со исполнување на парична обврска долгува покрај главнината и затезна камата по стапка утврдена со закон. Во коментарот за поимот камата таа е дефинирана како надомест за стварна или претпоставена штета што ја трпи доверителот поради задоцнување на должникот. Воедно, таа има и пенален карактер, бидејќи преставува казна за неуредниот должник, како и средство за притисок обврската да се исполни на време. Бидејќи во наведените одредби во Законот за даночна постапка, членот 123, е предвидена камата која се пресметува и наплатува дневно, предвидената посебна казнена камата со зголемување на даночниот долг за 10% значи двојно пресметување и наплата на камата што е неосновано, бидејќи од дадена формулација јасно произлегува дека се работи за казна оваа одредба треба да биде содржана во казнените одредби од Законот.

Во членот 124 став 2 се вели: "По даночни управни акти може да се врши присилна наплата доколку нивното спроведување не е одложено или спроведувањето е спречено заради правен лек". Значи кај одложувањето или спроведувањето на присилна наплата може да биде спречено не само заради правен лек туку и поради други законски прописи. На пример, со донесување на решение за отворање на стечајна постапка на должникот се стопираат сите наплати, меѓу кои спаѓа и наплатата на даночниот долг.

Во членот 126 став 1 се вели: "Присилна наплата може да започне доколку долгот е доспеан, должникот во присилната наплата е повикан да плати и од повикувањето да плати поминала најмалку една седмица.

**Љупчо Јордановски:** Господине Краљевски, бидејќи има уште четири минути до 18,00 часот, дали имате доволно време да завршите?

**Чедомир Краљевски:** Ќе завршам.

**Љупчо Јордановски:** Добро, тогаш повелете.

**Чедомир Краљевски:** Тука повторно стои терминот "седмица" и треба да се замени со зборот "осум дена" поради воедначување на терминологијата во законот. Седум дена или осум дена. Истата терминологија да се запази и во членот 130, точките 2 и 3, односно зборот седмица да се замени со определен рок во денови.

Членот 136 став 3 да се усогласи - на ова би обрнало посебно внимание, министре. Значи во членот 136 ставот 3 да се усогласи со одредбите од Законот за извршување, бидејќи со оваа одредба им се забранува на должниковите должници да ги намируваат своите обврски кон должникот по присилна наплата по приемот на решението за забрана. Со ваква одредба се суспендираат решенијата за извршување, донесени од надлежниот суд. При тоа се доведува во прашање независноста на судската власт утврдена со Уставот и извршувањето на судските одлуки и на тој начин со тоа решение на орган на управа, што значи извршна власт се суспендира извршување решение на судската власт.

Членот 142 односно ставовите 2 и 6 се контрадикторни бидејќи во ставот 2 се упатува дека решението за наплата од парични средства во присилна наплата се извршува на начин утврден со законот, кој го уредува платниот промет, а тоа се член 16 и 17 од Законот за платниот промет, а со ставот 6 е пропишано дека решението за присилна наплата на данок од парични средства на должник во присилна наплата има приоритет во наплатата и се извршува пред сите други налози. Согласно Законот за платен промет, налозите од сметките на имателите на сметки се извршуваат по редоследот на нивното пристигнување. За редоследот се води електронска евиденција, која оневозможува извршување на налог кој е подоцна доставен пред другите налози и единствен приоритет имаат порано доставените налози ки се бележат по минути, часови и денови. Од тука, неспроведливо е извршувањето на налог кој е подоцна поднесен без оглед кој и во чија корист треба да се изврши налогот. Со ваквите одредби се урива целиот концепт на Законот за платен плромет истовремено, со вака предложеното решение се повлстува еден доверител пред останатите доверители. Покрај ова, ваквото решение е спротивно на Уставното начело на еднаква положба на субјектите на пазарот. Доколу се прифати предложеното решение, а не се

усогласи со Законот за платен промет, ќе настане хаос кај носителите на платниот промет, деловните банки, кои согласно Законот за платен промет нема да даваат приоритет на решенијата на Управата за јавни приходи, а согласно член 118 став 4 од Законот за даночна постапка Управата за јавни приходи ќе смета дека банката не го извршува налогот. Последиците од неплаќањето на данокот во рокот на доспеаност ќе паднат на товар на банката. Во ваква контградикторна состојба банките нема да бидат заинтересирани да водат платен промет за имателите на сметки кои до тогаш ги воделе.

И последно, во членот 150 став 1 се уредува присилната наплата кога предметот е во владение на друго лице. Тука повторно се јавува колизија на овој закон со законот за извршување. Предавање на предмети се врши врз основа на судска одлука, што не е случај според одредбите на овој член. Се поставува прашање кому лицето ќе му го предаде предметот, дали на судски извршител или на даночен извршител и кој има приоритет, судската одлука или решението на органот на управата.

Исто така, не е јасно до кој износ лицето што го држи предметот ќе го плати даночниот долг до износот на вредноста на предметот или целосниот износ. Од став 1 не се гледа кој е износот што лицето кое држи предмет на даночниот должник ќе го плати, доколку не го предаде предметот, кој ќе изврши процена на вредноста на предметот итн.

Значи заклучок: Бидејќи се работи за закон кој е единствена основа на општото даночно право и на даночните постапки, неопход е максимално да се дадат прецизни, едноставни и недвосмислени одредби, бидејќи со овој закон се засегнати најширок круг на субјекти, а онаму каде што овој закон доаѓа во колизија со други закони што претходно ги спомнав, да се исправи да кажам тој судир на закони и да се утврди приоритет.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за з бор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ќе си дозволам 2 минути по 18,00 часот да си дозволам да кажам ги молам пратениците да влезат за да може да пристапиме кон гласање.

Молам, службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 56 пратеници во моментот, еве сега се 57. Нема да чекам многу, бидејќи е надминато работното време, но ве молам побрзо ако може да обезбедиме кворум за глалсање.

(Во салата влегуваат уште двајца пратеници).

Ни фалат уште двајца пратеници за кворум.

Оваа седница дополнително ќе ја продолжиме, затоа ако е можно да го изгласаме законот. Инаку, во петок ќе ја продолжиме седницата со Законот за воздухопловство, а утре е седницата на која ќе се поставуваат пратенички прашања.

(Во 18,07 часот се обезбеди кворум).

Бидејќи во салата се присутни 61 пратеник, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата, гласале 59 пратеници, 57 пратеници за законот, двајца воздржано и нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за даночна постапка.

Јас веќе објаснив, утре имаме седница на која ќе бидат поставувани пратенички прашања, а во петок продолжуваме со седницата каде што прва точка е Законот за воздухопловство односно 118 седница на Собранието.

Тука ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 18,10 часот)